UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# 2020

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ*

МАЈ 2021



United Nations

UNITED NATIONS DEVELOPMENT COORDINATION OFFICE

COVID-19 RESPONSE VACCINES

## ЗАСЛУГИ

Овој документ е изработен од Канцеларијата на постојаниот координатор на Обединетите нации (ОН КПК) во Северна Македонија во име на тимот за земјата на ОН во Северна Македонија. КПК сака да се заблагодари за придонесот на сите чинители при подготовката на овој документ.

Најновата верзија на овој документ е достапна на интернет-страницата на ОН Северна Македонија на northmacedonia.un.org. За дополнителни информации, контактирајте со: ОН КПК Северна Македонија rc-northmacedonia@un.org.

Насловна фотографија: Дете со нарушување од аутистичен спектар и неговата мајка, корисници на онлајн-образовна платформа развиена од ОН, која доби зголемена важност сред пандемијата со КОВИД-19. Фотографија: УНФПА

Употребените ознаки и претставениот материјал во оваа публикација не подразбираат било какво искажано мислење од страна на Секретаријатот на Обединетите нации во врска со правниот статус на било која земја, територија, град или област или на нејзините власти, или во врска со граничните линии или граници.

Финансиските податоци се привремени и можат да варираат зависно од финансиското потврдување.

# Содржина

**ПРЕДГОВОР** ..... 4

**ТИМ НА ОН ВО ЗЕМЈАТА** ..... 5

**КЛУЧНИ РАЗВОЈНИ ПАРТНЕРИ НА ОН** ..... 6

**КЛУЧЕН РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈАТА ВО 2020** ..... 7

**ПРЕГЛЕД НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОР ЗА 2016-2020** ..... 9

**РЕЗУЛТАТИ ЗА 2020*** ..... 13
- ПОВЕЌЕ И ПОДОБРИ РАБОТНИ МЕСТА ..... 13
- ПООДГОВОРНО УПРАВУВАЊЕ ..... 14
- ПОДОБАР ЖИВОТ ЗА РАНЛИВИТЕ ЛУЃЕ ..... 15
- ЖИВОТНА СРЕДИНА И НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ОД КАТАСТРОФИ ..... 16
- РОДОВОА ЕДНАКВОСТ ..... 17

**ОДГОВОР НА КОВИД-19** ..... 18

**ПАРТНЕРСТВА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЦОР** ..... 20

**ЕВАЛУАЦИИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ** ..... 21

**КОХЕРЕНТНОСТ, ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА ОН** ..... 22

**ФИНАНСИИ И МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИ** ..... 24

**ОН ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021** ..... 26

**АНЕКСИ: ЛИСТА НА АКРОНИМИ И ПАРТНЕРИ** ..... 27

** За детални резултати за 2020 погледнете те го дополнителниот извештај*

# Предговор

*„Пандемијата со КОВИД-19 е еден од најопасните предизвици со кои се соочува светот во нашиот живот. Тоа е пред сè човечка криза со сериозни здравствени и социо-економски последици“*

Антонио Гутереш, Генерален секретар на ОН

На крајот на 2019 година се подготвувавме за напорна година: ОН во Северна Македонија имаше амбициозни планови за постигнување резултати за циклусот на имплементација 2016-2020, за да се помогне на земјата и да се забрзаат активностите за постигнување на Целите на одржлив развој (ЦОР) до 2030 година, а истовремено да се вклучиме во консултативен процес со партнерите и луѓето во Северна Македонија за да ги идентификуваме нашите заеднички стратешки приоритети за следните години.

Во тој момент никој не можеше да ги замисли предизвиците, човечкото страдање и социо-економската катастрофа, и интензитетот на годината што претстои. 2020 година беше тест - за светот и меѓународната заедница, за регионот, за Северна Македонија, за нашите заедници, за сите нас како поединци и за Обединетите нации. Тоа е тест што го правиме и ќе продолжиме да го правиме и понатаму, како тест за силата на нашите системи, нашата агилност и издржливост, но исто така и за нашата визија и способност да размислуваме и да дејствуваме поинаку со цел подобро да закрепнеме.

ОН во Северна Македонија решително го поддржа одговорот на КОВИД-19 од самиот почеток преку репрограмирање и координација, и логистичка поддршка за политиките на Владата. Нашиот фокус брзо се пренасочи на среднорочното и долгорочното влијание, социо-економските аспекти и застрашувачкиот ефект на кризата врз најранливите и оние кои најмногу заостануваат зад останатите.

Во таа смисла, 2020 година беше посебен предизвик поради потребата постојано да се балансира во поддршката за родово сензитивен одговор заснован на докази и одговор заснован на дијалог, размислување и дејствување, притоа имајќи ја иднината на ум, што честопати значеше и неможност да се постигне баланс.

Преку тесна соработка со Владата на Северна Македонија и другите партнери, успеавме да го задржиме фокусот на одржливиот развој и постигнувањето на ЦОР - нашата заедничка визија да се стави крај на сиромаштијата, да ја спасиме планетата и да градиме мир во светот. Сепак, бевме доволно флексибилни за да можеме да работиме на другите тешкотии и предизвици со коишто заеднички требаше да се справиме во 2020 година.

Владата, поддржана од ОН и другите партнери, заслужува пофалба што остана посветена да го подготви и презентира својот прв Доброволен национален преглед, со што ја покажа возобновената обврзаност на Агендата 2030, дури и во тешки периоди. Тоа беше силна изјава преку која пред светот и луѓето од Северна Македонија се покажа обврзаност за важноста на подобар квалитет на живот и одржлив развој во земјата.

Во истиот контекст, ОН Северна Македонија ја потврдија својата заложба за поддршка на земјата во нејзините заложби за одржлив развој, како што е отсликано во клучниот стратешки документ, Рамка за соработка за одржлив развој (РСОР) за 2021-2025. Во претстојните години ќе продолжиме да даваме одговор и да ги поддржуваме националните стратешки приоритети и реформи, како и процесот на пристапување кон ЕУ, особено да обезбедиме дека никој нема да заостане, со фокус на родовата еднаквост и почитувањето на човековите права за сите во Северна Македонија.



Ќе продолжиме да бидеме сигурен партнер што дава поддршка на сите сегменти на македонското општество, незаборавајќи дека некои можат да бидат поранливи од другите и дека тие бараат наши засилени напори и внимание за да не заостанат зад другите. Тоа ќе го направиме преку заедничко дејствување како единствени ОН, обезбедувајќи дека сите луѓе на кои им служиме имаат полза од нашите посебни мандати, експертиза и поединечни и колективни напори. Тоа ќе го направиме како организација што се залага за иновации и ефикасност, промовира извонредност, транспарентност и отчетност и нуди експертиза. Тоа ќе го направиме во поддршка на националната развојна визија за земјата којашто го отсликува меѓу-генерацискиот, меѓу-етничкиот, меѓу-партискиот и родовиот консензус, притоа имајќи го предвид најдобриот интерес на луѓето од Северна Македонија.

**Росана Дуџак**

**Постојан координатор на ОН во Северна Македонија**



# Тим на ОН во земјата

Обединетите нации во Северна Македонија работеа на стратешките приоритети идентификувани во клучниот стратешки документ - Партнерство за одржлив развој (ПОР) за 2016-2020 год., проследено со новата петгодишна стратегија (РСОР 2021-2025) донесена во 2020 год.

Работата на ОН придонесува за националниот развој и стратешките приоритети на земјата, нејзините меѓународни заложби за човекови права и родова еднаквост, и заложбите за постигнување на ЦОР.

ПОР за периодот од 2016-2020 год. беше дефинирано околу пет приоритетни области: повеќе и подобри работни места, поодговорно управување, подобар живот за ранливите лица, родова еднаквост, и почиста, позелена и поотпорна животна средина. За секоја од овие области, преку општото формулирање на резултатите се дефинираа заедничките цели на коишто ОН, Владата и партнерите заеднички работеа до 2020 год:

1 поголем број на жени и мажи имаат можност да ја подобрат својата егзистенција преку обезбедено пристојно и одржливо вработување во поконкурентна економија со многу работни места;

2 националните и локалните институции можат подобро да осмислуваат и даваат висококвалитетни услуги за сите корисници, на транспарентен, исплатлив, недискриминирачки и родово-сензитивен начин;

3 поголем број припадници на социјално исклучените и ранливите групи се оснажени да ги остваруваат своите права и да уживаат подобар квалитет на живот и правичен пристап до основни услуги;

4 поединците, приватниот сектор и државните институции ги засноваат своите активности врз принципите на одржлив развој, а заедниците се поотпорни на катастрофи и еколошки ризици; и

5 државните институции се целосно одговорни за родовата еднаквост и антидискриминаторските обврски, а поголем број на жени и девојчиња имаат живот без дискриминација и насилство.

Во 2020 год., 24 агенции на Обединетите нации беа ангажирани во оперативни активности или активности за поддршка на развојот во Северна Македонија, работејќи заедно преку тимот на Обединетите нации во земјата под раководство на постојаниот координатор на ОН, како назначен претставник од страна на Генералниот секретар на ОН за развојните операции во земјата.

Од нив, 17 се физички присутни во Северна Македонија-или преку свое претставништво, вработени лица на проект или преку капацитетите во Канцеларијата на постојаниот координатор (КПК), додека четири агенции целосно ги вршат своите активности од далечина.

Тимот на Обединетите нации во Северна Македонија во 2020 год. располагаше со над 250 вработени лица како домашни и меѓународни професионалци и помошен кадар со седиште во земјата, кои се поддржани од експертите и вработените во регионалните и централните канцеларии ширум светот.

**24**

**агенции на ОН вклучени во оперативните активности за развој во Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| ФАО | Организација на Обединетите нации за храна и земјоделство |
| ИАЕА | Меѓународна агенција за атомска енергија* |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| *ММФ* | *Меѓународен монетарен фонд* |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграции |
| *МТУ* | *Меѓународна телекомуникациска унија* * |
| ОХЦХР | Канцеларија на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| УНДРР | Канцеларија на Обединетите нации за намалување на ризикот од катастрофи* |
| *УНДСС* | *Канцеларија на ОН за безбедност и обезбедување* |
| УНЕЦЕ | Економска комисија на Обединетите нации за Европа * |
| УНЕП | Програма за животна средина на Обединетите нации |
| УНЕСКО | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура * |
| УНФПА | Фонд за население на Обединетите нации |
| УНХЦР | Висок комесар на Обединетите нации за бегалци |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца на Обединетите нации |
| УНИДО | Организација за индустриски развој на Обединетите нации |
| УНОДЦ | Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал |
| УНОПС | Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги |
| *УНВ* | ОН волонтери * |
| *ОН КПК* | *Канцеларија на постојаниот координатор на Обединетите нации* |
| UN Women | Организација на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| *СБ* | *Групација на Светска банка* |
| СЗО | Светска здравствена организација |

* нема физичко присуство *не е потписник на ПОР*

# Клучни развојни партнери на ОН

Развојните активности на ОН во Северна Македонија се спроведуваат главно преку обезбедување техничка помош, развој на капацитети, користење на партнерства и ресурси, социјална мобилизација, посредување за знаење, како и пилотирање и проширување на иновациите, за што од клучна важност се силните партнерства.

Во текот на 2020 год., ОН продолжија да работат заеднички со над 200 партнери - национални и локални власти, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница, меѓународни партнери и сите други чинители - за да се обезбеди релевантност и влијание од преземените активности за луѓето во Северна Македонија.

## Облак со зборови сочинет од партнерите на Обединетите нации во Северна Македонија




**Белешка:** Овој визуелен приказ не е исцрпен и има за цел да ги прикаже најангажираните партнерски институции и организации коишто беа идентификувани преку вежбата за мапирање на чинителите. Поради ограничениот простор, во повеќето случаи се користат категории на заеднички партнери. За детален список, видете Анекс (стр.27).

**Активностите на ОН во Северна Македонија се можни поради дарежливиот придонес со финансиски средства од партнерите:**

Австрија
Белгија
Банка за развој при Советот на Европа
Европска Унија
Франција
Германија
Глобален еколошки фонд
Зелен климатски фонд
Заеднички фонд за ЦОР
Меѓународен Лајонс Клуб
Македонски телеком
Протокол од Монтреал
Холандија
Северна Македонија
Норвешка
Руска Федерација
Словачка
Шведска
Швајцарија
Турција
Мулти-партнерски фонд за миграции на ОН
Обединетото Кралство
Соединети Американски Држави
Мулти-партнерски фонд за контрола на лесно оружје за Западен Балкан

# Клучен развој во земјата во 2020 год.

## Година на политички предизвици со големо влијание од КОВИД-19

Во 2020 година, Северна Македонија го подготви својот прв Доброволен национален преглед (ДНП) што служи како основа за напредокот кон Целите за оддржлив развој (ЦОР), со забележани значајни достигнувања во категориите Луѓе и Благосостојба. Земјата оствари еден од долгогодишните стратешки приоритети - членство во Северно-атлантската организација (НАТО). Поради неможноста да се започнат преговорите за пристапување во Европската унија (ЕУ), предвремени парламентарни избори беа закажани за април 2020 год, а техничката Влада беше формирана во јануари 2020 год.

Кога во март се случи епидемијата со КОВИД-19, во земјата имаше техничка Влада и распуштено Собрание, што значително го усложни одговорот кон КОВИД-19 бидејќи Владата имаше ограничени овластувања и мандат да донесе итни и сложени анти-кризни мерки. За да се надмине тоа, Претседателот прогласи и двапати ја продолжи вонредната состојба, со што и и овозможи на техничката Влада решително да одговори на пандемијата. Поради тековната криза, изборите беа одложени за месец јули и резултираа со тесен реизбор на истата коалиционата Влада.

Влијанието од кризата со КОВИД-19 ги поткопа придобивките за одржливиот развој во последната деценија. Влијанието врз здравјето беше релативно умерено и со него добро се управуваше во текот на скоро целата година, иако здравствениот систем се соочи со голем број предизвици, главно поради ограничените ресурси, опрема и материјал. Од психо-социјален аспект, нарушеното образование на сите нивоа ги загрози резултатите од учењето за многу генерации, додека само-изолацијата, финансиската несигурност, стравот и вознемиреноста придонесоа за психосоцијални нарушувања и го зголемија родовото и семејното насилство до 45%, при што децата беа 10% од жртвите.

Непосредното економско влијание на КОВИД-19 беше предизвикано од одложените и прекинати синџири на снабдување, што најмногу влијаеше на извозно-ориентираната индустрија којашто е многу зависна од пазарот на ЕУ. Несигурноста за храна и медицински материјал за среќа траеше кратко време како резултат на брзото воспоставување на зелени ленти помеѓу членките на Договорот за слободна трговија на централна Европа (ЦЕФТА) и земјите од ЕУ. Забраната за социјални активности влијаеше главно на микро и малите компании во угостителскиот сектор и културата, а забраната за патување влијаеше на секторите туризам и транспорт и на сезонските работници. Ситуацијата дополнително се влоши во текот на второто тромесечје од годината кога се почувствува најсилното влијание врз економијата, а влијанието врз здравјето беше најизразено во последното тромесечје.

Кризата со КОВИД-19 ја одведе економијата во најдлабока рецесија во последните две децении, со годишен пад од 4,5%. Според проценките на Меѓународната организацијана трудот (МОТ), околу 90.000 работни места беа изгубени; додека влијанието врз вкупната невработеност беше умерено, но проследено со зголемени трендови на неактивност, намалени приходи на работната сила и дознаки од странство. Загубата на домашното производство се проценува на 3.7 милијарди евра, и главно беа погодени кожната, текстилната, автомобилската индустрија, индустријата за електрична опрема, малопродажбата и индустријата за туризам и угостителство. Цените на индустриските и прехранбените

**Северна Македонија: Стапки на раст на БНП**

*2011-2020 годишни стапки на раст*




*2020 квартални стапки на раст*




Извор: ДЗС, 2021

производи порасна за 3% помеѓу јануари и август 2020 год., со што дополнително се подигна нивото на сиромаштија.

Самохраните родители, работниците над 50 годишна возраст прогласени за технолошки вишок, нововработените на пазарот на трудот и долгорочно невработените беа најпогодени од кризата. Жените беа особено погодени поради нивната голема изложеност во најпогодените сектори како што се здравствената заштита и неформалната економија, и поради несразмерно зголемените домашни обврски. Околу 16 000 деца е веројатно дека се под прагот на сиромаштија поради кризата со КОВИД-19 во 2020 год. Одговорот на кризата создаде дополнителен притисок врз локалните власти во контекст на и така затегнатите

**Главни социо-економски индикатори, 2011-2020**




Извор: ДЗС, 2021

**Мешовити миграциски текови во Северна Македонија**

*миграциски текови на годишно ниво, нови пристигнувања за 2011-2020*




*миграциски текови на месечно ниво, нови пристигнувања за 2018-2020*




Извор: УНХЦР (2021), Влада на РСМ, MYLA (201-2016)

ресурси. Во второто тромесечје на 2020 година, приходите на општините се зголемија за само 1,8% во споредба со 11,8% во првото, најмногу како резултат на намалениот данок на имот, и тоа беше уште поизразено во урбаните општини. Во исто време, општинските трошоци се намалија во просек за 17,8%, со исклучок на јавните субвенции, коишто значително се зголемија. Повеќето комунални услуги се обезбедуваа непрекинато, поддржани со зголемени волонтерски услуги за дистрибуција на хуманитарни пакети, меѓутоа, протоколите за работа во јаслите, градинките и дневните центри продолжија да бидат предизвик.

Околу 1,2 милијарди евра - над 10% од БДП - беа инјектирани од страна на Владата како одговор за кризата со КОВИД-19 и закрепнувањето во 2020 год., обезбедувајќи парични трансфери на населението, поддршка за плати, даночни ослободувања и одложувања, поволни заеми за компаниите, како и спроведување мерки за подобрување на деловното опкружување со поддршка на дигитализацијата, намалени царински тарифи и парафискални трошоци. Овие мерки успеаја да го намалат економскиот пад во втората половина на годината, но исто така го подигнаа јавниот долг на над 60% од БДП, што може да биде критично за македонската економија доколку закрепнувањето во иднина е нестабилно.

Загадувањето на воздухот и на водите, неправилното управување со отпад, влијанието на климатските промени, губењето на биодиверзитетот и деградацијата на шумите останаа клучни еколошки проблеми во 2020 год., а особено алармантни беа наодите поврзани со состојбата на природното и културното наследство во регионот на Охрид. Сепак, заложбите на Владата да го зголеми намалувањето на емисијата на стакленички гасови на 51% до 2030 год. во споредба со 1990 год., како и плановите за усогласување со Зелениот план на ЕУ за Западен Балкан даваат доза на оптимизам. Покрај тоа, значителен број мерки за одговор на КОВИД-19 значително придонесоа за обезбедување достапна и чиста енергија, и ориентираност кон обновливи извори на енергија.

Важен исчекор кон еднаквоста беше направен кога Собранието го донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација, којшто сега е усогласен со меѓународните стандарди за човекови права, а сексуалната ориентација и родовиот идентитет се експлицитно наведени како заштитени основи. Постигнат е напредок кон родовата еднаквост и справувањето со насилството врз жените и девојчињата. Владата промовираше и обезбеди значајни консултации со различни засегнати страни, а македонското граѓанско општество продолжи активно да ја извршува својата контролна улога. Сепак, административните капацитети и ресурси на локално и централно ниво и понатаму се ограничени, со значителен јаз во обезбедувањето дигитални услуги. Корупцијата и понатаму е широко распространета, и покрај посветеноста на Владата за нејзино сузбивање.

Земјата се наоѓа на една од главните рути за мешовитите миграциски движења кон Европа, што резултираше со над 41 000 пристигнати мигранти во 2020 год., главно од Авганистан, Пакистан и други земји. Мигрантите и понатаму се исклучително ранливи, често патуваат во големи групи, и се изложени на поголем ризик од пренесување на КОВИД-19. Најмалку 40.000 сезонски работници мигранти од Северна Македонија беа особено погодени од затворањето на границите, што предизвика пад на дознаките од странство и намалена поддршка за семејствата кои ги имаат оставено зад себе. Властите подготвија петгодишна „Стратегија за борба против трговијата со луѓе и нелегалните миграции" и продолжија со борбата против прекуграничниот организиран криминал. Во 2020 год., откривањето на криумчарење мигранти се зголеми за 17,3% од претходната година, а 91 лице беа кривично гонети за 65 случаи на криумчарење.

**Клучни национални социо-економски индикатори и удел на регионите во националниот БДП**

*Основна година наспроти последна достапна вредност; удел на регионите во БДП за 2019 год.*







Извори: ДЗС, УНДП (ИЧР), ФЗО

# Преглед на резултатите од ПОР за 2016-2020

Во овој дел се истакнува придонесот на ОН во Северна Македонија и резултатите од работата со Владата, граѓанското општество и развојните партнери во 5 области на ПОР - одржливо вработување, демократско управување, опкружување за социјална инклузија, намалување на ризикот од катастрофи, и родова еднаквост - за периодот од 2016-2020 год.

## ПОР и национални приоритети

Имплементацијата на ПОР се одвиваше во брзо променливиот политички и развоен контекст во Северна Македонија и регионот, обележано со политичката криза во земјата во 2015/16 и миграциската криза во 2016 год. Важниот чекор во односите со соседите резултираше со промена на уставното име во 2018 год., проследено со членство во НАТО и тековни обиди за напредување во процесот на евроатлантска интеграција. Тоа кулминираше во 2020 год. со глобалната криза со КОВИД-19.

Пред кризата со КОВИД-19, имаше значителни придобивки во некои од областите на одржлив развој - нееднаквост, сиромаштија - и стабилни придобивки во други области - управување и животна средина. Во 2020 год., и покрај шоковите, владините стимулативни мерки спречија позначителен удар врз економијата и невработеноста, меѓутоа, вистинското влијание на пандемијата следува да се види.

Во отсуство на долгорочна сеопфатна национална стратегија за развој, развојните приоритети се утврдени во неколку секторски стратегии и акциски планови коишто се усогласени со агендата за пристапување во ЕУ и со програмите на Владата. Владината програма за 2017-2020 год. се фокусираше на (1) економски раст, зголемена вработеност, повисок животен стандард; (2) членство во НАТО и ЕУ; (3) едно општество за сите; (4) одговорна влада и надзор над владата; (5) институции во служба на граѓаните; и, (6) инвестиции за одржлив раст.

Резултатите од ПОР даваа директен одговор на овие приоритети, придонесувајќи за најважните развојни цели на земјата и поддржувајќи ги реформите во процесот на пристапување во ЕУ. Со реафирмираната заложба за Агендата 2030 во текот на 2018-2020 год., Владата како приоритетни ги избра ЦОР 1, 4, 8, 13 и 16.

По одобрувањето на ПОР и прифаќањето од страна на Владата, агенциите на ОН го усвоија пристапот за работа како единствена организација, што наложи заедничко планирање, извештаи и имплементација. Имплементацијата на ПОР беше планирана во три заеднички работни планови (2016, 2017-2018 и 2019-2020), коишто беа целосно спроведени. Според последната проценка на ПОР спроведена на крајот на 2019 год., беше оценето дека ПОР е добро усогласено и одговара на долгорочните цели на земјата, релевантните ЦОР и актуелните потреби, особено на најранливите и маргинализираните луѓе.

## Повеќе работни места за сите

Недоволниот економски раст, високите стапки на невработеност и приходната сиромаштија беа идентификувани како главни развојни предизвици, и тие беа меѓу највисоките приоритети на Владата во периодот кога се формулираше ПОР. Активностите што беа преземени меѓу 2016-2020 год. дадоа забележителни резултати, со пад на стапката на невработеност од 40% , односно, од 26,1% во 2015 год. на 16,1% во Т-4 во 2020 год.

**5,438** Нови претпријатија

**6,298** Нови работи

креирани со поддршка на ОН

**50,000** Обучени луѓе

со поддршка на ОН

ОН дадоа корисен придонес преку интервенции на сите нивоа - застапување и поддршка за развојот на политиките за работни односи и мали и средни претпријатија, работа со властите за прилагодување на наставните планови во образованието на потребите на пазарот, и спроведување на насочени активни мерки на пазарот на трудот и програми за развој на вештини. ОН, исто така ги градеа и капацитетите на националните институции и социјалните партнери за подобрување на деловниот екосистем преку целисходен социјален дијалог, ефективни иницијативи за само-вработување, зголемена конкурентност на приватниот сектор и поддршка за иновациите.

Преку Програмата за работа во заедниците, ОН промовираа вработување за ранливите лица (особено, за невработените жени) како даватели на социјални услуги на ранливите групи, и тоа главно на постари лица, деца на предучилишна возраст и лица со попреченост, како и подобрување на вештините за вработување и стимулативни мерки за вработување на Роми и лица со попреченост. Отворени се 6.298 работни места со полно работно време (38% жени), основани се 5483 нови компании (околу 13% од сите компании отворени во земјата, 36% во сопственост на млади луѓе), над 50.000 лица беа вклучени во различни обуки или други програми за поддршка на вработувањето; и над 56.605 лица со потреби добија социјални услуги преку интервенциите со програмите во периодот од 2016-2020 год.

*Во 2019 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство започна нова мерка насочена кон давање финансиска поддршка на жени- земјоделски производители за подобрување на нивната економска состојба. Оваа промена на политиката беше заедничка заложба на UN Women, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Работната група за родова еднаквост формирана во рамки на министерството, каде што се застапени клучните институции, академските институции и граѓанските организации.*
Фотографија: УН Жени / Димитровски



*Локалното партнерство за вработување е алатка на МОТ за раздвижување на пазарот на трудот оддолу нагоре, со локални решенија за специфичните предизвици со кои се соочуваат локалните заедници.* Фотографија: МОТ



*Педесет припадници на граничната полиција од аеродромите во Скопје и Охрид и од четирите регионални центри за гранична полиција имаа можност да се запознаат со концептот на културна медијација и работата на медијаторите за помош. ИОМ Скопје организираше обука на тема „Културолошка компетентност и свесност“, под покровителство на ИПА 2 регионален проект „Заштита и управување со сензитивни миграции на Западен Балкан и Турција“.* Фотографија: ИОМ




## Добро управување

Постигнатиот напредок во областа на доброто управување во Северна Македонија е умерен, иако обновената заложба на Владата да се зајакне владеењето на правото, пристапот до правда, транспарентноста и отчетноста, како и да се подобри квалитетот на јавните услуги, остава простор за оптимизам. Наспроти тоа, Северна Македонија постигна значителен напредок во процесот на децентрализација со трансформативни искуства во животот на луѓето кои биле вклучени.

Помеѓу 2016 и 2020 год., покрај помошта за креирање и имплементација на политики, ОН ги поддржаа функционалните анализи на институциите во јавниот сектор со цел поефикасно, инклузивно и отчетно давање јавни услуги на централно ниво. Пристапувањето во ЕУ беше искористено за поддршка на Националниот план за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), што вклучува јавно достапен портал НПАА, како и околу 60 усогласени закони со законодавството на ЕУ - во области како што се судски реформи, енергетика, земјоделство, животна средина, трговија и образование - и зголемени капацитети на 600 државни службеници, од кои над половина се жени, како севкупен резултат од НПАА. ОН, исто така, го поддржаа ангажманот на националните чинители со меѓународните механизми за човекови права и се застапуваа за спроведување на дадените препораки. На локално ниво, ОН придонесоа за зајакнати општински капацитети и услуги, редовно оценувани преку анкети за задоволство на граѓаните, за јакнење на меѓуопштинската соработка, меѓуетничкиот дијалог и социјалната кохезија. Со воспоставувањето на бизнис центри и регионални мрежи се поддржа локалниот развој и се обезбеди потребната советодавна поддршка за имплементација.

До крајот на 2020 год., 30 општини имаа интегриран и инклузивен план за локален развој, 21 општина воведе родово одговорно буџетирање и повеќе од 1.000 членови на општинските совети беа оспособени да имаат засилена улога за носење локални одлуки и надзор. Граѓанското општество и граѓаните беа оснажени да можат активно да учествуваат во креирањето политики и испораката на услуги, и повеќето од нив го користат ново дизајнираниот модел за финансирање проекти од буџетите на локалните власти. Како одговор на мигрантската криза во 2016 год., Гевгелија доби депонија за цврст отпад и реновирана болница, а болницата во Куманово доби ново амбулантно возило за итна медицинска помош. Промовирањето на иновациите во јавниот сектор беше многу важен елемент во работата на ОН, односно користење на иновативни методологии за редизајн на услугите за подобра испорака (на пример: отворена иновација за подобрено земјоделство, дизајнирање за подобрување на програмата за работа во заедницата, итн.). ОН ја поддржаа лабораторијата

*УНОДЦ ја поддржа Северна Македонија во зајакнување на граничните контроли и целокупната безбедност преку воспоставување на релевантна законска рамка и градење капацитети на граничната полиција и царината.* Фотографија: УНОДЦ



*Тимот еБионикс е севкупен победник на глобалниот предизвик за млади на УНИЦЕФ, Generation Unlimited 2.0. во категоријата под 18 години, со нивното решение за проширен пристап до протетичка нега со Венус Арм, 3Д-отпечатена бионичка рака со отворен извор за луѓе со недостаток на горните екстремитети.* Фотографија: УНИЦЕФ



на иновации на Град Скопје за да се подобри отчетноста и транспарентноста на градот во испораката на услуги и притоа се овозможи тестирање на различни модели на локално управување. За иновативните предизвици на UPSHIFT и Generation Unlimited беа вклучени голем број млади луѓе во отворените иновации преку градење на нивните капацитети за осмислување на дизајн. Generation Unlimited забележа посебни достигнувања - локалните тимови на финалисти во двете години, кои беа учесници и на глобалниот предизвик, однесоа победа и на глобално ниво.

## Социјална инклузија

Во областа на социјалните услуги, започнатите реформи беа поддржани од ОН во сите три сектори - образование, здравство и социјална заштита, што доведе до значителни резултати. Реформата на социјалната заштита резултираше во посоодветна распределба на паричните надоместоци, придонесувајќи за намалување на стапките на сиромаштија. Здравствениот систем стабилно се подобруваше во однос на сите индикатори, особено успевајќи да го смени алармантниот тренд на смртност кај новороденчињата од 11,9 / 1000 во 2017 година на 5,6 / 1000 во 2019 година. Во областа на образованието, запишувањето на деца во предучилишно образование се зголеми од 30 на 42%, и земјата постигна највисоко подобрување на резултатите на ПИСА по сите три предмети. Обезбедувањето целосен пристап на децата со попреченост во редовните училишта и предучилишните установи достигна пресвртница и Владата се обврза целосно да го замени институционалното згрижување на деца и возрасни, вклучително и на лицата со попреченост, со алтернативни услуги. Северна Македонија обезбеди соодветна заштита на мигрантите и бегалците за време на кризата во 2015 година и понатаму.

Помошта од ОН беше клучна во овие процеси, притоа цврсто темелејќи ја својата работа на генерирање податоци и статистика, за да им се помогне на релевантните институции да ги спроведуваат наменските политики со цел никој да не заостане. Во сите области на политики, ОН беа избрани за партнери при подготовката и спроведувањето на реформите, стратегиите и услугите. Беше дадена помош при подготовката и спроведувањето на новиот Закон за социјална заштита и опсежното ревидирање на Законот за заштита на деца; Мастер планот за надминување на основните причини за смртност кај новороденчињата; Националниот акциски план за СРЗ за 2018 -2020 год. со стандарди за квалитет во услугите за СРЗ; како и Законот за меѓународна и привремена заштита и Стратегијата за интеграција на бегалци и странци (2018-2028) со даден придонес од земјата за Регионалниот план за давање одговор за бегалците и миграциите. ОН обезбедија докази, мултисекторско застапување, техничка поддршка и иновации за реформата во образованието, вклучително и модели за инклузивно образование во 30 основни училишта и 25 детски градинки, како и поддршка за деинституционализацијата и инклузијата на лицата со попреченост во социјалните услуги и вработувањето. Обезбедени се нови модели за давање услуги во примарната здравствена заштита, за дигитализација, инвестиции и градење капацитети во здравството; во Центрите за социјална работа се воведе работа на предмети за да се обезбеди холистички пристап; а службениците за гранични работи и миграции беа оспособени за гранично управување во хуманитарни услови и кадарот за кризен менаџмент за управување со кампoвите.

**50%** НАМАЛУВАЊЕ НА СМРТНОСТ КАЈ НОВОРОДЕНЧИЊА

**0** ДЕЦА ДО 3 ГОДИНИ ВО ГОЛЕМИ ИНСТИТУЦИИ

*со поддршка од ОН*

Следејќи ја континуираната работа и застапување на ОН, Владата законски го уреди затворањето на специјалните основни училишта и ги укина специјалните групи за деца со попреченост во предучилишното образование во 2019 год. До крајот на 2019 год., во поголемите институции повеќе немаше деца без свои негуватели, и тоа е значително подобрување во споредба со 2016 година (133,6 / 100 000 деца), со 30% пораст во бројот на деца сместени кај згрижувачи. Бројот на деца приматели на надоместоци за намалување на сиромаштијата беше петкратно зголемен од 2016 год., а поддршката се зголеми од 89 на 188 американски долари во 2020 год. Во 2020 год., земјата ја ратификуваше Конвенцијата за намалување на бездржавјанството.

## Заштита на животната средина

ЗЗаштитата на животната средина бара зголемени напори од страна на државата и партнерите за развој, вклучително и зајакнати човечки ресурси и подобрен пристап до финансирање. Загадувањето на воздухот е сериозна закана за здравјето во животната средина во урбаните области, кои се рангираат меѓу првите десет најзагадени во Европа во 2017-2018 год. Климатските промени, за среќа, сега станаа област

*По порастот на смртноста кај новороденчињата во 2015 год., Министерството за здравство презеде брзи активности со техничка поддршка од СЗО, УНФПА и УНИЦЕФ. Последователната длабинска проценка ги разјасни начините како да се зајакне здравствениот систем и брзо да се постигне подобрување на здравствените резултати кај мајките и новороденчињата.* Фотографија: СЗО



*Дваесет и седумгодишната Сандра од Конго посетува часови по македонски јазик што ќе ѝ помогне повторно да го обнови својот живот во Северна Македонија, каде што живее со своите деца откако доби позитивен одговор на нејзиното барање за азил. Часовите по јазик кои се даваат за да им се помогне на барателите на азил се само еден од многуте инструменти воведени од УНХЦР и партнерските организации за да се олесни нивната интеграција во општеството.* Фотографија: УНХЦР





*Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија во 2020 год. укажува на напредокот во земјата за состојбата со консолидација на земјиштето. Ова достигнување е резултат на заедничките заложби на ФАО, ЕУ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.* Фотографија: ФАО

на којашто се дава зголемен акцент и е меѓу највисоките приоритети во земјата.

Поддршката на ОН беше непроценлива во сите области, започнувајќи од обезбедување докази преку четирите изданија на „Преглед на еколошките перформанси" и промовирање на одржливото користење на природните ресурси преку развој на капацитетите и демонстрирање во 25 заштитени подрачја и поддршка за прогласување на нови национални паркови и заштитени подрачја, како и развој на Национален инвентар за шумите и Зелен катастар на град Скопје. Со поддршка на ОН, Владата постигна напредок во рамки на долг и сложен процес за консолидација на земјиштето за да се надмине прекумерната фрагментација на земјоделско земјиште, воведе технологии за климатско-паметно земјоделство, воспостави Национално агро-еколошко зонирање и систем за управување со информациите за земјишни ресурси за да се подобри земјоделското производство и да се прилагоди капацитетот на земјоделските производители, притоа интегрирајќи ги аспектите на климатските промени во секторското планирање. Беше поддржана Проценката на земјишната прекривка за користење на земјиштето и промените во шумарскиот сектор и Методологијата за дизајнирање на иден национален систем за следење на шумите за да се овозможат одлуки засновани на докази и формулирање на спроведлива политика за одржливо управување со шумите.

Во областа на интегрираното управување со речните сливови, ОН го поддржаа Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро, подоцна применет и за сливот на реката Струмица, со што се префрлија надлежностите за заштита и управување на општините. Исто така, се започна и со прекугранична соработка и интегрирано управување со водните ресурси во проширениот слив на реката Дрим. Управувањето со отпад беше зајакнато со четири пречистителни станици за отпадни води и првата депонија според стандардите на ЕУ во Гевгелија. Истражувањето за практиките за греење и загадувањето на воздухот обезбедија вредни докази за развој на холистички пристап во областите со близу нулта емисија во населбите, како што се покажа во една од најзагадените области во Скопје.

ОН, исто така, обезбедија поддршка за политиките, односно за Националната комуникација/Двегодишниот ажуриран извештај за климатските промени и за првиот акциски план за климата којшто ги интегрира родовите аспекти во извештаите за Рамковна конвенција на ОН за климатски промени. Во областа на намалување на ризиците од катастрофи, ОН им помогна на националните институции проактивно да се подобри управувањето со ризиците од поплави, по големите поплави во 2015-2016 год., преку интегрирани системи за управување со опасностите, ранливоста и изложеноста на заедниците и имотот.

Со овие интервенции, заштитените подрачја се зголемија на околу 190.000 хектари преку подобрено управување. Во Преспа, над 80% од локалните земјоделци усвоија агро-еколошки практики на 360,000 хектари (во споредба со нула), искористувањето на водата за наводнување се намали за речиси 60%, а употребата на пестициди се намали за 30%. Започнати се активности за чистење на опасниот отпад од едно од најопасните места во земјата - фабриката ОХИС, што претставува огромна еколошка закана за главниот град. Во Полошкиот и Струмичкиот регион, зголемувањето од 50% на одводниот капацитет на санираните канали спречува економска загуба во просек од 50 000 до 100 000 американски долари на годишно ниво од идни многу веројатни поплави. Во регионот на Пелагонија спречена е штета во износ од над 2 милиони американски долари за над 230.000 луѓе. Вкупно, околу 5.500 хектари земјоделско земјиште, 35 хектари урбанизирана област и индустриска зона и 10 хектари транспортна инфраструктура беа опфатени со програмите за намалување на ризиците од катастрофи. Развиени се нови планови за земјоделскиот и здравствениот сектор кои вклучуваат сексуално и репродуктивно здравје во вонредни состојби како поддршка за симулацијата од поголем размер.

## Родова еднаквост

Усвојувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) беше клучно достигнување на национално ниво, проследено со воспоставување на клучни институционални структури, вклучително и три центри за упатување жртви на сексуално насилство во болниците во Тетово, Скопје и Куманово.

ОН вложија значителни напори за унапредување на родовата еднаквост и за јакнење на националните капацитети во разни поврзани области. Тука спаѓа и помошта за подготовка на Законот за спречување и заштита од дискриминација и формирање на Национално координативно тело во согласност со меѓународните стандарди за човекови права; поддршка за Националниот акциски план за родова еднаквост (2018-2020) и Националната стратегија и акциски план за борба против трговија со луѓе и нелегалните миграции (2017-2020).

Капацитетите на над 6.000 државни службеници за вклучување на родовите аспекти и родово буџетирање беа подобрени преку курсеви спроведени во рамки на системот за управување со учење и други интервенции. За првпат, родово специфични одредби беа вклучени во Методологијата за стратешко планирање на Владата и беа забележани видливи резултати на планот на вработување на жените.

# Резултати за 2020

** За детален преглед на резултатите од 2020 година, погледнете го Додатокот на извештајот*

**Во овој дел се истакнува придонесот на ОН во Северна Македонија и резултатите од работата со Владата, граѓанското општество и партнерите за развој во 5 области на ПОР во 2020 год. и заедничкиот одговор на пандемијата со КОВИД-19 и ублажувањето на социо-економските влијанија.**

## РЕЗУЛТАТ 1:
## Повеќе и подобри работни места

***До 2020, поголем број на жени и мажи имаат можност да ја подобрат својата егзистенција преку обезбедено пристојно и одржливо вработување во поконкурентна економија со многу работни места***

**Придонес за:**

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;
Реформи во образовниот систем и инвестиции во иновации и информатичка технологија;

Економски развој и конкурентност
19. Социјална политика и вработување;
20. Политика за претпријатија и индустрија;
26. Образование и култура

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
МОТ, ИОМ, УНДП, УНЕЦЕ

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница и други.

На почетокот на 2020 год., ОН ги продолжија заедничките интервенции за подобрување на егзистенцијата на луѓето преку помагање и градење на капацитетите на релевантни институции за подготовка и спроведување на стратегии за вработување, планови и активни мерки за вработување, прилагодување на наставните планови во образованието на потребите на пазарот и овозможување развој на вештини за најранливите, како и подобрување на деловното опкружување, социјалниот дијалог и конкурентноста на приватниот сектор. Некои од најважните достигнувања во оваа област се кампањите за работничките права и поддршката за формулирање на Национална стратегија за вработување заснована на докази со придружни акциски планови, проширување на капацитетите и услугите на Агенцијата за вработување (АВРМ) и обезбедување на 314 долгорочни вработувања преку различни активни мерки на пазарот на трудот и работни места за 67% од повратниците. Беше обезбедена практична поддршка за политиките за МСП, вклучително и за проценка на вештините во неколку индустрии, 186 компании беа вклучени во развојот на наставни програми за обука и обезбедување релевантни вештини за пазарот на 584 невработени лица и беа признаени дипломите на 29 затвореници.

Меѓутоа, кризата со КОВИД-19 наметна потреба од итно прилагодување на плановите и тековните програми за ефикасна поддршка на корисниците. ОН веднаш започнаа со брзи анализи за влијанието врз пазарот на трудот и малите и средни претпријатија (МСП), обезбедувајќи препораки засновани на информации и докази, вклучително и целосно разработени мерки за политики за итен одговор кон кризата. Анализата подоцна беше проширена со посеопфатна социо-економска проценка, вклучително и за работните места на локално и национално ниво, како и за некои од специфичните индустрии со најголем придонес за вработувањето и растот. ОН го поддржаа Економскиот и социјален совет (ЕСС) за активно да се ангажира со Владата во подготовката на пакетите за одговор на кризата, со што во анти-кризните мерки на Владата се прошири временската рамка и опфатот со стимулативни мерки за дополнителни 3.803 лица.

Во текот на целата година, ОН обезбедуваа директна поддршка и на најпогодените целни групи на невработени лица, олеснувајќи го организираното ангажирање на 613 невработени лица во обезбедување социјални услуги, развивајќи едношалтерски систем за МСП, олеснувајќи ги деловни можности што резултираа со 126 нови компании основани од луѓе кои ги изгубиле работните места поради кризата, и земјоделски договори со 35 локални земјоделци за да се надминат предизвиците околу производство, дистрибуција и пласман на пазарот. Како резултат на тоа, владините анти-кризни мерки овозможија да се намали севкупното влијание врз невработеноста во 2020 год., и покрај загубата од 13,8% од работно време на годишно ниво, и да се врати опаѓачкиот тренд по силниот удар во второто тримесечје. Сепак, неактивноста се зголеми за скоро 4% до крајот на 2020 година, што дава причина за загриженост.

*Естира Ајвазовска конечно доби можност да се вработи како пекар, кариера од нејзините соништа, откако беше меѓу првите кои добија поддршка за вработување преку програмата Acceder спроведувана од УНДП за вработување на Ромите.* Фотографија: УНДП



РЕЗУЛТАТ 2:

# Поодговорно управување

***До 2020, националните и локалните институции можат подобро да осмислуваат и даваат висококвалитетни услуги за сите корисници, на транспарентен, исплатлив, недискриминирачки и родово-сензитивен начин.***

**Придонес за:**

Демократско и отчетно управување
Реформи во јавната администрација, полицијата и правосудниот сектор
Борба против корупцијата

Политички критериуми и владеење на правото
23: Судството и основните права
24: Правда, слобода и безбедност
19: Социјална политика и вработување

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
ИОМ, ОХЦХР, УНФПА, УНХЦР, УНИЦЕФ, УНОДЦ, UN Women, СЗО, МОТ, УНЕСКО, UN-Habitat, УНОПС

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, Секретаријат за европски прашања, Државен завод за статистика, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница и други.

ОН дава поддршка за поодговорно управување каде луѓето имаат централно место, како и инклузивно управување, ефективна децентрализација и квалитетни јавни услуги прилагодени на потребите и очекувањата на граѓаните. Транспарентното и партиципативно донесување одлуки и буџетското планирање доведоа до порамномерен социо-економски развој и севкупно подобрување на квалитетот на животот на најранливите групи. „Форумите за граѓани“, промовирани од ОН, овозможија директно учество на граѓаните во 70 од 81 општина. Гласот на граѓанското општество, младите, жените и мажите и луѓето кои заостануваат зад другите, изврши влијание на редовните и наменските политики и јавното трошење на централно, регионално и локално ниво. Луѓето и заедниците коишто беа погодени од мешовитите миграциски текови добија помош за да се справат со предизвиците наметнати од нивната комплексна ранливост преку зајакнати капацитети на агенциите за спроведување на законите и социјалните служби, усогласеност на процедурите за миграции со ЕУ и реновирање на болниците и установите. Поддршката од ОН за усогласување на законите за кривична правда со меѓународните стандарди и зајакнувањето на капацитетите за спроведување на законите овозможи поефикасен одговор и соработка со земјите од Западен Балкан во справувањето со нелегалната трговија на пристаништата и аеродромите, корупцијата, нелегалните финансиски текови и други форми на организиран криминал.

Дигиталните решенија воведени на локално ниво со поддршка на ОН, вклучително и електронското плаќање даноци, платформата за е-учење достапна за сите 1.347 општински советници во земјата и други алатки, беа клучни за да се обезбеди континуитет на деловните процеси на општините за време на пандемијата, доведувајќи до зголемено задоволство кај граѓаните од 38,4% за достапноста на информации и комуникација со општината и 43,1% за ад-хок локалните тела основани за справување со кризата.

*Младинските консултации за Доброволниот национален преглед - ДНП беа организирани од Младинската мрежа Y-PEER, во соработка со Владата на Северна Македонија со поддршка од УНФПА.* Фотографија: УНФПА



**60 закони усогласени со законодавство на ЕУ**

**600 обучени државни службеници**

Во контекст на голем број предизвици, ОН продолжија да даваат поддршката на Владата за да се задржи реформската динамика и спроведувањето на агендата за пристапување во ЕУ преку интензивно усогласување на националните закони со законодавството на ЕУ и меѓународните стандарди за човекови права, зголемување на капацитетите на државните службеници и јавно достапниот портал НПАА.

Капацитетите на владините институции, Народниот правобранител и граѓанското општество со цел примена на обврските на земјата за човековите права во пракса беа дополнително зголемени. Подготовките за пописот во 2021 година, фокусирани на комуникацијата, беа меѓу приоритетите кои имаа за цел да се премости јазот за точни и расчленети податоци, што е од суштинско значење за планирање и следење на националниот напредок кон ЦОР.

Првиот ДНП во земјата беше подготвен со важна поддршка од ОН преку информации и гаранција за квалитетот во соодветните области на експертиза. ОН ја поддржаа брзата интегрирана проценка со којашто се направи мапирање и анализа на меѓу-поврзаноста на поглавјата за ЕУ, меѓународните конвенции и ЦОР, како и консултациите што ОН ги овозможија за младите преку мрежата Y-Peer. Националната стратегија за рамномерен регионален развој 2020-2029 год., подготвена со поддршка на ОН, се очекува да ја олесни локалната примена на ЦОР, каде што е идентификуван голем јаз во податоците во однос на нивниот географски опфат, навременост и ниво на расчленетост што ја попречува локалната примена, како и документ за политики што претставува рамка и флексибилна алатка за интегрирано креирање политики засновани на докази во контекст на интеграцискиот процес во ЕУ што е усогласен со ЦОР.

**РЕЗУЛТАТ 3:**

# Подобар живот за ранливите луѓе

*До 2020, поголем број припадници на социјално исклучените и ранливите групи се оснажени да ги остваруваат своите права и да уживаат подобар квалитет на живот и правичен пристап до основни услуги*

**Придонес за:**

Едно општество за сите
Реформи во образовниот систем и инвестиции во иновации и информатичка технологија
Квалитетни услуги за сите

18 (Статистика)
19 (Социјална политика и вработување)
25 (Наука и истражување)
26 (Образование и култура)

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
ИОМ, ОХЦХР, УНФПА, УНХЦР, УНИЦЕФ, УНОДЦ, UN Women, СЗО, МОТ, УНЕСКО, UN-Habitat, УНОПС

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница и други.

Агенциите на ОН работеа со Владата и другите партнери за развој на создавање позитивни социјални промени за најранливите групи во општеството во секторите здравство, образование, социјална заштита и заштита на деца; и за ублажување на влијанијата од пандемијата со КОВИД-19 врз најпогодените групи.

ОН обезбедија техничка и оперативна поддршка и поддршка за политиките на Владата, којашто успешно управуваше со пандемијата со КОВИД-19 преку мерки за ограничување и ублажување на ширењето на вирусот, да се заштити здравјето на луѓето и на здравствените работници во првите линии, да се задржи капацитетот на здравствениот систем и неговата одржливост да дава одговор и обезбедува основни услуги на населението, и поддршка за комуникациите во врска со ризиците од КОВИД-19 и вклученоста на заедниците.

Овие интервенции беа спроведени рака под рака со интервенциите за зајакнување на универзалното здравствено покритие: подобрен пристап до квалитетни основни здравствени услуги; зајакнување на системот за е-здравство; и поддршка за спроведување на реформите на здравствениот систем со акцент на примарната здравствена заштита и здравјето на мајките и децата, трансформирање на улогата на медицинските сестри како ценета здравствена работна сила со новиот модел на ПЗЗ, како и подобрување на достапноста на лекови и подготовки во здравствениот систем за имунизација од поголем размер.

ОН продолжија да даваат поддршка на Владата за да се обезбеди континуирано образование на сите ученици по затворањето на училиштата во месец март низ целата земја. Со пренамена на платформата за ран детски развој, за да се овозможи масовна поддршка, собирање и дистрибуција на видео лекции, ОН дадоа поддршка за изработка на националната платформа за учење на далечина (Едуино), со којашто ефикасно се обезбеди континуитет во квалитетното образование за сите 300.000 ученици. Паралелно на тоа, реформите во образовниот сектор беа забрзани кон крајот на 2020 год., а ОН обезбедија поддршка за активностите во основното и средното образование, како и за образованието за возрасни и доживотното учење.

Основните услуги – од услуги за едноставна поддршка за време на пандемијата до обезбедување на интегрирани домашни (мобилни) здравствени и социјални услуги –се обезбедуваа за најранливите категории на население во над 80% од општините, со опфат на семејствата што се во ризик и семејствата со деца, Ромите, лицата со попреченост и постарите лица.

Трите нови дизајнирани социјални услуги во рамки на Програмата за зајакнување на жените ќе го подобрат квалитетот на грижата и ќе ја зајакнат улогата на жените во семејствата каде што тие се грижат за други лица. Првите два Центри за работно ориентирана рехабилитација беа отворени во Струмица и Скопје за да се олесни вработувањето на лицата со попреченост, што резултираше со отворање на 20 мали претпријатија од лица со попреченост во 2020 год.

Дигитализацијата на услугите на главните владини служби за азил, преку обезбедување обука и опрема за далечинска технологија, овозможи непречено да се одвиваат постапките за азил, што резултираше во пораст од 22,7% на првостепените одлуки донесени во 2020 год., споредено со 4,2% во 2019 год. Супсидијарна заштита беше доделена само на две лица во 2020 год., а од 2016 год. не е доделен статус на бегалец.

*Со цел да се обезбедат ресурси за дигитално образование и децата да продолжат да учат за време на пандемијата, покрај Едуино, УНИЦЕФ и партнерите, исто така, ја започнаа иницијативата за ТВ- училница (илустрација на фотографијата подолу).ТВ-училницата е соработка помеѓу Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, УНИЦЕФ, телевизиската продукција за деца ОХО и националниот радиодифузер Македонска радио и телевизија.* Фотографија: УНИЦЕФ/Николовски



РЕЗУЛТАТ 4:

# Животна средина и намалување на ризиците од катастрофи

*До 2020, поединците, приватниот сектор и државните институции ги засноваат своите активности врз принципите на одржлив развој, а заедниците се поотпорни на катастрофи и еколошки ризици.*

**Придонес за:**

Инвестиции во одржлив развој: Земјоделски развој и енергија
Здрава животна средина
Заштита од природни непогоди

11: Земјоделство и рурален развој
15: Енергетика
27: Животна средина

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
ФАО, ИОМ, УНДП, УНЕЦЕ, УНЕП, УНФПА, УНИДО, СЗО

*Владата и другите развојни партнери:*
Кабинет на вицепремиерот за економски прашања, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство, локални власти, државни институции, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница.

**300%** **зголемување на површината на заштитените подрачја.**
*помеѓу 2016 и 2020*

ОН се фокусираа на стратешка поддршка за исполнување на условите за поднесување извештаи на земјата коишто произлегуваат од мултилатералните договори за животна средина (климатски промени, биодиверзитет и деградација на земјиштето), намалување на емисиите на стакленички гасови, подобрено управување со заштитените подрачја, промовирање на одржливо земјоделство, намалување на ризиците од катастрофи и справување со загадувањето на воздухот. Поради пандемијата со КОВИД-19 беа проширени активностите со цел непосреден одговор на кризата.

Клучните постигања во рамките на резултатот за одржливост на животната средина се однесуваа на стратешка поддршка за создавање поволно опкружување за климатска акција и одржливо управување со природните ресурси. Земјата се обврза на постигнување на амбициозната национална цел за намалување до 82% на нето емисијата на стакленички гасови до 2030 година. Исто така, псе обезбеди поддршка во градењето на капацитетите на националните чинители за фазно исфрлање на хидрохлорофлуоројаглеродите и за директен пристап до Зелениот климатски фонд (ЗКГ). ОН ја поддржаа Владата за да се отвори пат за прогласување на новиот национален парк - Шар Планина - преку завршување на студијата за валоризација, како и активирање на трансформациските промени во начинот на кој земјата управува со своите природни ресурси. Во напредна фаза е консолидацијата на 3.000 хектари земјоделско земјиште, овозможувајќи одржливо управување со природните ресурси во руралните области. Во областа на отпадните води, изграден е нов канализациски систем за село Суводол (Македонски Брод) и се подготви местото за пречистителна станица во Тетово преку отстранување на отпадот. Значајни резултати беа постигнати во подготвеноста за катастрофи, преку воведување на различни мерки за намалување на ризиците од катастрофи, со фокус на управување со ризик од поплави и одговор на кризата со КОВИД-19. Фокусот беше на зајакнување на Управата за хидрометеоролошки работи преку надградба на ИТ опремата и специјализиран софтвер за климатска база на податоци и проширување на мрежата на хидролошки и метеоролошки станици со 46 нови или реновирани станици (32 во Полог и 14 во сливот на реката Дрим) како основа за воспоставување на системи за рано предупредување. Овие активности беа надополнување на претходната работа за управување со ризици од поплави во сливот на реката Струмица, а бројот на општини со подобрени капацитети за управување со ризици од поплави се зголеми на 22, со дополнителни 300,000 луѓе кои имаат придобивки од намалените ризици.

Се обезбеди и сеопфатна поддршка на здравствениот систем за давање брз и организиран одговор на кризата со КОВИД-19 преку обука на повеќе од 3.500 здравствени работници за здравствена заштита при КОВИД-19, набавка на различна медицинска опрема за воспоставување на одделенија за КОВИД-19, формирање на нов Центар за следење на епидемии и координарање итни оперативни активности, спроведување на бихевиорална анализа, рано воведување протоколи за домовите за стари лица, протоколи за пренатална заштита за време на пандемијата со КОВИД-19 и други активности.

*УНЕП ја поддржа Владата да се отвори патот за прогласување на новиот национален парк - Шар Планина.* Фотографија: УНЕП/Божиновски



*УНДП ја реконструираше старата брана Марворица за да се намали ризикот од излевање и поплавување во општина Свети Николе. Слични интервенции за намалување на ризикот од поплави ќе бидат преземени во Полошкиот регион.* Фотографија: УНДП



## РЕЗУЛТАТ 5:

# Родова еднаквост

***До 2020, националните и локалните институции имаат подобрена способност да подготват и испорачаат висококвалитетни услуги за сите корисници, на транспарентен, исплатлив, недискриминирачки и родово-сензитивен начин.***

**Придонес за:**

Родова еднаквост и еднакви можности на жените и мажите
Спречување и борба против насилството врз жените
Родово одговорно креирање политики и буџетирање врз основа на расчленети податоци

23: Судство и основни права
19: Социјална политика и вработување
19.7: Антидискриминација и еднакви можности

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој резултат:*
ФАО, ИОМ, ОХЦХР, УНДП, УНФПА, УНИЦЕФ, UN Women

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, единици на локалната самоуправа, Народен правобранител, граѓанско општество, приватен сектор, академски институции и други.

Колективното застапување и експертиза на ОН го поддржаа напредокот на земјата во исполнувањето на обврските за родова еднаквост. Новите закони за спречување и заштита од дискриминација и за насилство врз жените се усогласени со меѓународните стандарди за човекови права, ЦЕДАВ и Истанбулската конвенција на Советот на Европа.

ОН даде критички совети при подготовката на новиот Закон за родова еднаквост и соодветната национална стратегија и план за дејствување, како и за новите инкриминации во врска со жените и државно финансираниот надоместок за жртвите на сите форми на насилни кривични дела, вклучително и РБН и СН. ОН, исто така, ја поддржаа Владата во подготовката на вториот Национален акционен план (НАП) за Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН, од Агендата за жени, мир и безбедност, со стратешка рамка и оперативни планови за нејзиното спроведување.

Застапеноста и учеството на жените во политиките и донесувањето одлуки се зголемија на национално и на локално ниво, меѓутоа, жените се застапени на ограничен број јавни функции и позиции на високо ниво. Централната и локалната власт сè повеќе ја вклучуваат родовата перспектива во политиките, програмите и буџетските распределби во повеќе сектори. Со поддршка на ОН, 14 министерства и 21 општина креираа родово-базирани политики и буџети, и по прв пат во нацрт-законот за буџет се вклучени родово одговорни принципи.

Гласот на маргинализираните и исклучени жени, особено оние кои се соочуваат со интерсекциска и повеќекратна дискриминација, злоупотреба и насилство, стана повидлив преку застапување и подигање на свеста. При подготовката на родово сензитивен одговор на пандемијата, креаторите на политиките се потпираа на информациите од Брзата родова проценка за КОВИД-19, Студијата за мапирање на влијанието на КОВИД-19 врз социо-економската состојба на жените на локално ниво и анализата за родова прераспределба на буџетот.

ОН ги оспособија давателите на услуги да применат мултидисциплинарен пристап со фокус на жртвите во справувањето со сите форми на насилство врз жените. Нови протоколи, две дополнителни прифатилишта, дигитални и иновативни решенија, како што е мобилната апликација „Биди безбедна“ за подигнување на свеста и пријавување на РБН и онлајн платформата за студентите да ја споделуваат својата работа на насилството врз жените и СН беа користени за поефективно да се надмине пандемијата во сенка со насилство врз жените.

**14 МИНИСТЕРСТВА**
**21 ОПШТИНИ**
*со родово-базирани политики и буџети со поддршка на ОН*

Со поддршката на ОН се зајакна застапувањето и се создадоа посилни сојузи меѓу жените и теренските организации и националните и локалните власти за вклучување на родовите перспективи и справување со родовата нееднаквост, негативните стереотипи и насилството врз жените. Тоа резултираше во кампањи за застапување за јакнење на жените, кои беа водени од две женски организации, 14 локални теренски организации и две здруженија на локални власти; 263 жени учествуваа во формулирањето на 144 препораки за политики за родово-базирани општински програми и буџети; 36 претставници на ГОи се оспособени да ги надгледуваат општинските политики и буџети од родова перспектива; постигната соработка на 15 ГОи кои обезбедуваат услуги на жртвите на родово базирано насилство; и 18 стручни лица од средните училишта беа обучени за превенција на насилството врз жени. 1.897 лица имаа директни придобивки од спроведувањето на проектите на ГОи во 5 општини со фокус на ангажирање на млади луѓе и луѓе од ранливи групи, што резултираше во ангажман на 989 социјално исклучени лица и заедници, вклучително и деца Роми, лица со попреченост и социјализација на младите за време на пандемијата.

*Мобилна апликација „Биди безбедна“, изработена во партнерство помеѓу Министерството за труд и социјална политика и УНДП.*



# Одговор на КОВИД-19

**Кризата со КОВИД-19 ги потенцираше постоечките системски слабости во земјата, влијаеше на најранливите групи и ги намали придобивките од развојот во претходниот период. Во исто време, таа претставува можност за подобро закрепнување и развој со фокус на структурните реформи и развојот на човечкиот капитал. ОН во Северна Македонија беше меѓу клучните партнери на Владата во давањето одговор на КОВИД-19, од првите денови на кризата до помошта за формулирање на зелено и инклузивно закрепнување, градење отпорни системи и капацитети за одговор на идните кризи.**

## Поддршка на непосреден одговор на КОВИД-19

**65** ВЕНТИЛАТОРИ

**29** МОНИТОРИ ЗА ИНТЕНЗИВНА НЕГА

**2,000,000** ПАРЧИЊА ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА

*обезбедени директно преку ООН*

Од јануари 2020 година, ОН обезбедуваше секојдневна техничка поддршка и совети за политиките на Владата за стратегии за ограничување и ублажување на ширењето на вирусот, анализа, комуникација за ризици, истражување и и антикризни мерки, тестирање и поддршка на здравствените капацитети за управување со вонредни состојби. Како што се влошуваше здравствената состојба во март 2020 год., ОН ја зајакнаа колективната поддршка преку техничка помош, координација и мобилизација на ресурси за анти-кризни мерки. Тоа вклучуваше помош за консолидирање на потребите и барањата за медицински материјали и опрема за давање итен одговор на кризата, како и набавка на дел од тие материјали.

Во 2020 год., ОН обезбедија поддршка за одговорот на КОВИД-19 и закрепнувањето на земјата од речиси 12 милиони американски долари во форма на материјали, опрема и услуги за поддршка насочени кон најранливите, коишто беа набавени или со внатрешни и постоечки ресурси на ОН или во име на други донатори. Тоа вклучуваше, меѓу другото, голема набавка на најважна медицинска опрема како што се вентилатори, лична заштитна опрема и други здравствени и санитарни материјали наменети за лицата и здравствените установи во првите линии на давање одговор. Тоа исто така вклучуваше и храна и парична помош за најранливите и најзасегнатите од КОВИД-19, поддршка за комуникација за ризиците и превентивни активности, помош за за дигитално и далечинско образование, психо-социјална поддршка и советување за децата и негувателите зафатени со КОВИД-19 и друго.

*Донација за Министерство за здравство за одговор на КОВИД19*
Фотографија: СЗО




## Справување со социо-економските влијанија од КОВИД-19

Од месец март и понатаму, ОН во Северна Македонија ја истакнуваа потребата брзо да се разгледа и надмине социо-економското влијание на кризата и да се обезбеди кохерентен, добро формулиран одговор што се заснова на докази. Тимот на ОН во земјата ја понудија својата колективна експертиза во осмислувањето на одговорот од страна на властите преку анализа и предложени анти-кризни мерки со примена на фазен пристап (итен, на среден и долг рок), од каде што произлезе Рамката за одговор на КОВИД-19 за Северна Македонија, којашто се примени од јуни 2020 год. Оваа Рамка обезбеди сеопфатна анализа на севкупното социо-економско влијание во пет посебни столба и предложи среднорочни и долгорочни мерки како одговор на кризата; тоа беше дополнително надополнето со девет целосно развиени мерки за политики со дефинирани трошоци, кои дадоа информации за процесот на буџетирање на Владата за 2020/2021 год.

ОН продолжија да спроведуваат брзи и длабински анализи за да се помогнат интервенциите со политики базирани на докази коишто се фокусирани на потребите на најранливите групи во текот на 2020 год., вклучително и Интегрален извештај за проценка на влијанието на КОВИД-19 и Контролна табла за проценка на потребите за КОВИД-19.

## Клучни достигнувања по столбовите од Рамката за одговор на КОВИД-19

**$8 M**

*Мобилизирани и репрограмирани за непосредна здравствена поддршка*

Во рамки на столбот Здравјето на прво место, ОН мобилизираа и репрограмираа 8 милиони УСД за непосредна поддршка и експертиза, вклучително и за ограничување и ублажување на вирусот, набавка на опрема и материјали, обука на медицински персонал итн. Северна Македонија беше меѓу првите во регионот што направи проценка и ја следеше еднаквоста во здравството и социо-економското влијание на КОВИД-19. Тимот на ОН во земјата, исто така, помагаше во интервенции насочени кон анализа на однесувањето, дизајнирање и реализација на јавни стратегии за комуникација за справување со ризиците, како и со техничка поддршка за итни и приоритетни проекти за реконструкција на здравствените установи.

Во рамки на столбот на Заштита на луѓето, ОН мобилизираа и репрограмираа над 1,3 милиони УСД за да помогнат во анализата на влијанијата врз конкретни групи - деца, жени, земјоделци, Роми, мигранти, бегалци, баратели на азил, лица со попреченост и други - и да им обезбедат директна поддршка. Системската поддршка - како што се сеопфатната поддршка за образовниот систем или помагање на властите да воведат родово сензитивни мерки за одговор - беше надополнета со интервенции и анализи насочени кон конкретни групи - бремени жени, семејства со деца во образование, лица со попреченост - или сектори - т.е. состојбата со производството и синџирите на снабдување со храна во земјата.

Во рамки на столбот за Економско закрепнување (2,1 милиони УСД), Социо-економскиот совет беше поддржан со анализа и аргументи засновани на докази за придонесат кон анти-кризните меркина Владата; а беше дадена и поддршка за информации и политики за буџетското планирање, пазарот на труд, МСП и специфичните индустрии како што се градежништво, текстилна индустрија, обновливи извори на енергија. Во ограничен број на случаи, ОН обезбеди директна поддршка на корисниците на социјална помош и невработените лица со активни мерки за вработување и можности за самовработување и поддршка за финансирање на договори за земјоделците за проширување на продажбата за време на кризата. Поддршката во рамки на столбот за Макроекономскиот одговор и регионалната соработка се проширија од анализа и следење на клучните социо-економски индикатори до совети за политики и обезбедување финансиска помош во форма на заеми од ММФ и Светска банка.

Во однос на столбот за Социјалната кохезија и отпорноста на заедниците (0,5 милиони УСД), фокусот беше насочен кон анализа и препораки поврзани со влијанието на кризата врз општините и градење на општинските капацитет за локален одговор во сродни области како што се управување со кризи и комуникација за ризици, како и користење на иновативни решенија за проширување на дигиталните услуги за граѓаните. ОН го поддржаа локалниот одговор на родово базирано насилство (РБН) и обезбедија техничка поддршка на агенциите коио постапуваат по закани од организиран криминал, вклучително и закани на интернет. Беше изграден капацитетот на социјалните партнери - синдикатите и здружението на работодавачи – за да се вклучат во консултации со Владата; и беше обезбедена поддршка за организирање на волонтерски услуги за набавки и грижа за стари лица и други ранливи групи.

## Патот кон подобро закрепнување

Во декември, ОН во партнерство со Finance Think ги собраа на едно место клучните министри ангажирани во социо-економскиот одговор на КОВИД-19, Светска банка, ЕУ и други меѓународни партнери, граѓанското општество и академската заедница да дискутираат за научените лекции и препорачаните начини за ефективно закрепнување и продолжување на напредокот кон ЦОР во земјата, од каде што произлегоа следните заклучоци:

1. Градењето човечки капитал е клучен предуслов за одржлив развој во Северна Македонија.
2. Здравјето е предуслов за одржлив развој и силен економски мултипликатор.
3. Одржливото закрепнување повикува на координиран одговор со политиките кон „правична транзиција“ што ги интегрира зелените и иновативни извори за раст по пандемијата, истовремено градејќи ја отпорноста на системот и обезбедувајќи вклученост, со посебен фокус на жените.
4. Основните услуги за обезбедување заштита и психосоцијална поддршка мора да бидат достапни и пристапни во секое време.

**ОН поддршка за одговор и подобро закрепнување од КОВИД19**

*Податоци од 31 декември 2020 година, во милиони УСД*




Извор: ОН Северна Македонија, 2021

5. За да се изградат поотпорни и одржливи локални системи за храна, земјата треба да направи диверсификација во снабдувањето со храна и изворите на храна, да го зајакне локалното производство на храна каде што е можно, и да обезбеди пристап до пазарите за продажба на локално произведена храна.
6. Земјата треба да ги обнови фискалните амортизери, меѓутоа, фискалната консолидација не смее да го ограничува економскиот раст. Северна Македонија треба да даде приоритет на структурните реформи за зајакнување на продуктивноста преку продуктивни и иновативни процеси во деловниот сектор, кои треба да се прилагодат на новата економска реалност, додека Владата треба тоа да го олесни со обмислена регулатива и ефективна државна помош и политика на конкуренција.
7. Фокусирање само на стапката на невработеност може да доведе до погрешен избор на политики, бидејќи многу од нововработените лица, особено жените, директно стануваат неактивни, а тоа е многу потешко и поскапо да се поправи.
8. Земјата треба да отвори дијалог за квалитетот на основните работни места, имајќи предвид дека основните работници - како што се земјоделците и оние во првите линии на одговор кон криза - претежно заработуваат ниски плати.
9. Јавните политики треба да се развиваат по пат на целисходни консултации со клучните засегнати страни.

*УНФПА ги поддржува мобилните тимови на Црвениот крст за помагање на постари лица за време на пандемијата со КОВИД-19.* Фотографија: УНФПА



# Партнерства и финансирање на ЦОР

**Во 2020 год., ОН во Северна Македонија помогнаа да се усогласат напорите на повеќе партнери околу темите на ЦОР и да се искористат или подобро да се усогласат домашните и меѓународните финансиски текови. Овие партнерства, од кои некои се прикажани тука, се воспоставија околу иницијативи зазастапување, поддршка за политиките, ко-креирање и прераспределба и мобилизацијата на ресурси.**

## Севкупна поддршка за ЦОР

Процесот на подготовка на Доброволниот национален преглед, кој се спроведе во текот на првата половина на 2020 год., помогна да се мобилизираат чинителите за ЦОР. Процесот на подготовка беше консултативен, и обедини претставници на владините институции, граѓанското општество, приватниот сектор и академската заедница за да разговараат за напредокот кон ЦОР и да ги идентификуваат предизвиците и можностите што претстојат. Процесот, исто така, придонесе за подигнување на свеста и разбирањето за Агендата 2030 меѓу засегнатите страни. Кон крајот на годината, ОН, исто така, стапи во консултацијасо националните партнери, за започнување на подготовка на Националната стратегија за развој.

Во партнерство со повеќе министерства, ОН помогнаа во пресметката на трошоците за мерките за социо-економски одговор на КОВИД-19 и на тој начин го поддржаа владиниот процес на буџетирање. Понатаму, беше започнат дијалог помеѓу ОН и Собранието за да се зајакне неговата улога во спроведувањето на Агендата 2030 и да се зајакнат релациите со ОН.

## Добро здравје и благосостојба (ЦОР 3)

ОН ја олеснија брзата и координирана мобилизација на ресурси за давање непосреден одговор на КОВИД-19 (види 2.2.6) преку проактивни контакти и мобилизирање на меѓународните партнери за развој за побрза прераспределба и флексибилност во финансирањето на одговорот, но исто така и преку поддршка на раководството на Владата за координација на донаторите преку обезбедување на транспарентни финансиски информации за потребите и финансирањето што е ставено на располагање од меѓународните партнери за давањето одговор на КОВИД-19.

Преку застапување, споделување на искуства и генерирање докази, ОН го олеснија ангажманот на ЕУ и Светска банка на тема Здравство, со што се пренасочи значително поголемо финансирање кон ЦОР 3, особено за примарната здравствена заштита, перинаталната заштита и е-здравството. Ова беше првпат ЕУ да се вклучи со поддршка на здравствени прашања во земјата, додека ангажманот на Светска банка беше обновен по 12 години недавање поддршка во оваа тематска област.

## Достапна и чиста енергија и климатска акција (ЦОР 7,13)

Пристапот до финансирање за енергетска ефикасност (ЕЕ) и особено за обновлива енергија (ОЕ) е во зародиш во земјата, со мал број спорадични иницијативи за зголемен пристап до финансии за ЕЕ и ОЕ, фокусирани на ЕЕ во јавниот сектор (Светска банка), финансирање на големи инвестиции за ОЕ и финансирање за ЕЕ за побогатиот резиденцијален сектор (Европската банка за обнова и развој – ЕБОР). Во 2020, се оформи ново партнерството меѓу ОН и ЕБОР со фокус на ко-креирање и кофинансирање на нов зелен финансиски инструмент, Зелен финансиски фонд, за поддршка на забрзаното усвојување на ОЕ и ЕЕ во деловниот и станбениот сектор. Партнерството на ОН и ЕБОР може да резултира со вложување на средства од 23,6 милиони амер.долари од ЕБОР врз основа на придонесот од 7,35 милиони амер.долари на ОН.

Поддршката за да се овозможи пристап на Северна Македонија до средства од ЗКФ, клучниот глобален финансиски инструмент за поддршка на мерките за ублажување и адаптација на климатските промени, продолжи преку вториот проект за подготвеност за ЗКФ и подготовка на Работната програма на земјата во врска со ЗКФ за проекти/програми во областа на енергетиката, транспортот, водните ресурси, земјоделството, шумарството, отпадот, биодиверзитетот, здравството и културното наследство, коишто ќе се спроведуваат како дел од напорите на земјата да се справи со климатските промени. ОН, исто така, продолжија да ја поддржуваат Владата за пристап до средства преку Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ). Во 2020, се обезбеди пристап до околу 7,24 милиони американски долари од овој фонд преку проекти спроведени од ОН насочени кон поддршка на земјата во исполнувањето на целите од меѓународните еколошки конвенции и договори.

Воспоставена е национална мрежа на практичари за климатски промени со 64 претставници од 27 институции, вклучително и од граѓанското општество и академската заедница, како и мрежа од 320 лица кои работат на планот на родовата еднаквост или климатските промени на национално и локално ниво. Лицата од овиемрежибеаактивновклученивоподготовкитезазајакнатиот утврден национален придонес за третиот двегодишен ажуриран извештај за климатските промени и истите беа информирани за резултатите и препораките на проектот.

## Намалување на нееднаквостите (ЦОР 10)

Во партнерство со Министерството за локална самоуправа, регионалните центри, општините, граѓанските организации и приватниот сектор, ОН ја поддржаа подготовката на Националната стратегија за рамномерен регионален развој за 2020-2029 година, во која беа наведени активностите што се потребни за справување со постојаните нееднаквости меѓу регионите во земјата и отворање на потенцијалот за поголема вклученост на други партнери. Стратегијата ги идентификуваше пречките за локализација на на ЦОР, како што се големиот јаз од податоци во однос на географскиот опфат, навременост и ниво на расчленетост, и обезбеди патоказ за понатамошни анализи потребни за да се овозможи локална примена и постигнување на ЦОР.

Партнерства за истражување и податоци беа склучени со Филозофскиот факултет за спроведување на етнографско истражување на перцепцијата на луѓето за развојните приоритети и студија за однесувањето на младите во врска со развојните приоритети за да се поддржи процесот за Заедничка анализа за земјата и да се добијат информации за идните програми на ОН. Овие активности ја поставија основата за идни партнерства со академските институции.

# Евалуации и научени лекции

## Евалуација на ПОР

Во 2020 год. беше финализирана независната евалуација за собирање клучни наоди и научени лекции од спроведувањето на ПОР во периодот од 2016-2020 год. и во поддршка на поголемата отчетност на системот на ОН за договорените национални цели и приоритети. Евалуацијата беше поддржана од Заедничкиот управувачки комитет на ОН и Владата за ПОР (ЗУК), презентирана пред меѓународните и владините партнери, и понатаму потврдена преку онлајн анкетата за перцепцијата за ОН (мај 2020 год.),која беше наменета за партнерите на ОН.

Евалуацијата покажа дека постои добра усогласеност на ПОР со националните приоритети и политики и дека резултатите директно го поддржуваат постигнувањето на националните долгорочни цели и агендата за интеграција во ЕУ. ПОР даде одговор на реалните потреби на земјата, особено на најранливите и маргинализираните сегменти на населението. И покрај предизвиците, корисниците и партнерите беа задоволни и поставените резултати беа во голема мера постигнати.

Клучните препораки се однесуваа на:

1. Зајакнување на меѓу-агенциската соработка

2. Управување со податоците и подготовка и следење на програмите

3. Одржливост на преземените интервенции

4. Одржливост на финансирањето; и

5. Зајакнување на улогата на тимот на ОН во земјата за координација на партнерите за развој.

Тимот на ОН во земјата целосно ги прифати петте препораки од евалуацијата и се посвети на нивна имплементација преку Планот за управување во давањето одговор на евалуацијата, и повеќето препораки беа веднаш применети во пракса уште во текот на 2020 год. При подготовката на РСОР за 2021-2025 год., на пример, тимот на ОН во земјата вклучи помалку, но внимателно избрани специфични, мерливи, остварливи, релевантни и временски ограничени (SMART) индикатори засновани врз рамката за ЦОР и во согласност со рамката за проценка на перформансите од ЕУ ИПА на Владата; а резултатите од РСОР беа подготвени врз основа на издржана и цврста теорија на промени. Понатаму, тимот на ОН во земјата ја прилагоди структурата за поддршка на РСОР преку воспоставување на раководен тим за програмите и групи за резултатите од РСОР за да се обезбеди хоризонтална и тематска соработка. До крајот на 2020 год., стапката на имплементација на евалуацијата беше 45%, што во голема мерка беше на пат да се заврши во 2021 година.

**Одговор на тимот на ОН во земјата за резултатите од евалуацијата на ПОР**

*Статус на имплементација заклучно со 31 декември 2020 год.*




**Клучни научени лекции од евалуација на ПОР**

**Лекција 1:** Тесната соработка помеѓу агенциите на ОН обично се појавува во оние области каде што постои јасна реформска агенда, поткрепена со јасно утврден проблем и силна посветеност на Владата за промена. Преземањето на национална сопственост е важен фактор што ја обликува интеракцијата на агенциите на ОН на ниво на земја.

**Лекција 2:** Системот на ОН може брзо да стане релевантен и да обезбеди голем придонес во областите каде што претходно имало минимална вклученост. Ова беше случај на пример за време на миграциската криза [2016]. Доколку постои јасна потреба за експертизата, капацитетите и искуствата на ОН во дадена област, постои можност за агенциите на ОН да се здружат, ефективно да се координираат и ефикасно да испорачуваат во тесна соработка едни со други.

## Лекции од 2020 год.

КОВИД-19 и другите оперативни предизвици во 2020 год. ја тестираа агилноста на ОН во Северна Македонија, од каде што произлегоа научени стратешки и оперативни лекции од сите области на работа, а дел од нив се наведени подолу.

- Силните партнерства се клучни за систематско справување со комплексните развојни предизвици.
- Кризите ги зајакнуваат нееднаквостите и диспаритетите; оттаму, најголема поддршка и социјални услуги се потребни за лицата што заостануваат зад останатите.
- Потребно е да се забрза примената на нови алатки и целосно да се користат придобивките од дигитализацијата.
- Анализата на идните трендови и двигатели ја истакнува потребата да се систематизира идното стратешко планирање и донесување одлуки во рамки на работењето, да се прошири ангажманот со лицата за кои постои загриженост и со граѓанското општество како чинители на промени, и активна вклученост во трансформацијата на јавниот наратив за бегалците преку градење нови ставови и однесување во заедниците и проширување на платформата на чинители во борбата против дезинформациите.

# Кохерентност, ефективност и ефикасност на ОН

**ОН во Северна Македонија постигнаа важни резултати во спроведувањето на реформата на развојниот систем на ОН на терен и покажаа агилност и одговорија на сериозните промени и предизвици во контекст на 2020 година.**

ОН во Северна Македонија постигнаа важни резултати во спроведувањето на реформата на развојниот систем на ОН на терен и покажаа агилност и одговорија на сериозните промени и предизвици во контекст на 2020 година.

За време на потпишувањето на ПОР во Северна Македонија во 2016 година, агенциите на ОН во земјата усвоија пристап за реализација на резултатите како единствена организација и тоа се операционализираше преку годишните и двегодишните заеднички работни планови и преку воспоставување форуми за координација каде што се вклучени вработените на програмите на ОН и техничките претставници на Владата. Заедничкиот управувачкиот комитет на Владата-ОН беше највисокото тело за донесување одлуки за ПОР коешто обезбеди преглед и надзор на имплементацијата.

Од 2016 год., глобалниот развоен систем на ОН претрпе значителни промени што влијаеја на организацијата и работата на ОН на ниво на земјата. Примената на возобновениот систем на постојан координатор, реформиран со цел да ја поддржи заедничката реализација на ОН за клучните стратешки и одржливи приоритети за развој во сите земји каде што работи ОН, започна во Северна Македонија во 2019 год. и беше консолидирана во 2020 год. – година кога се јави потреба за екстремна агилност и давање одговор.

Брзото темпо на промена во првите денови на кризата со КОВИД-19 бараше брзо прилагодување на работните модалитети и преобликување на приоритетите. Агенциите на ОН брзо се прилагодија и веднаш обезбедија поддршка на Владата со стратешки и оперативни аспекти за давањето одговор, спроведувајќи ги насоките на Генералниот секретар на ОН да се опстои и испорача.  Тоа помогна да се насочи одговорот на Владата во врска со кризата, да се обезбеди подобра грижа за пациентите со КОВИД-19, да се поддржи континуитетот во испораките на основни услуги и да се проценат, развијат и спроведат некои од среднорочните и долгорочните мерки за закрепнување за да се ублажат социо-економски аспекти на кризата.

*Тимот на ОН во земјата засади 75 дрвја за да се одбележи 75-годишнината на ОН заедно со премиерот Зоран Заев, неколку други владини претставници, дипломати и претставници од јавното претпријатие Национални шуми на Денот на ОН во 2020.* Фотографија: УНДП



Во давањето поддршка, ОН тежнееја кон кохерентност и координација под раководство на постојаниот координатор на ОН уште од првите денови на кризата, а како што се развиваше ситуацијата, така се истакна и потребата за пренасочување на работењето. Повеќе од 20 агенции на

> *„Има значителен напредок во начинот на размислување и дејствување на тимот на ОН од последната заедничка средба. Сега има поголема кохерентност, членовите повеќе ја гледаат големата слика – и вон нивните агенции, отворени се за соработка, и имаат поголемо разбирање дека заеднички можеме да направиме повеќе отколку поединечно. Во целина, постои дух на едно семејство на ОН."*

Анонимен одговор на член на  тимот на ООН во земјата, анкета за последната заедничка средба на тимот на ОН во земјата во 2021

ОН што работат во земјата, без оглед на нивното физичко присуство, во пракса ја демонстрираа нивната посветеност за тесна соработка и кохерентно заедничко работење со Владата и другите партнери. Тие го задржаа силниот фокус на долгорочните приоритети, истовремено поддржувајќи ги непосредните потреби поради КОВИД-19 и планирањето на Владата за закрепнување.

Еден показател за посветеноста на заедничката работа беше зголемениот број на потврдени заеднички иницијативи за програми, коишто се зголемија четирикратно, со четири заеднички проекти кои или се спроведуваат или за кои се обезбедени ресурси до крајот на 2020 год. во споредба со само еден таков проект во 2019 год. Во главни црти, во текот на 2020 год., тимот на ОН во земјата концептуално финализираше девет нови заеднички идеи во областите за давање одговор на КОВИД-19 и закрепнување, здравство, управување и економија, миграции, финансирање на ЦОР и унапредување на правата на лицата со попреченост.

**1,100 ГРАЃАНИ**
**400 ВРАБОТЕНИ**
*консултирани за време на процесот на РСОР*

Имајќи го предвид закрепнувањето од КОВИД-19 и Агендата 2030, ОН и Владата заеднички ја развија новата 5-годишна стратегија (РСОР) насочена кон забрзување на ЦОР и националните приоритети за одржлив развој. И покрај предизвикувачките околности, над 1.500 луѓе - скоро 1.100 граѓани кои учествуваа во истражувањето за перцепција и над 400 претставници на разни субјекти - беа вклучени во овој консултативен процес. Тоа се надоврза на сеопфатната

анализа на контекстот на земјата - Заедничка анализа на земјата (ЗАЗ) во 2020 год. - и беше проследено со инклузивно стратешко поставување на приоритети.

Тимот на ОН во земјата спроведе и само-проценка на своите технички, оперативни и финансиски капацитети за да ја тестира подготвеноста да ја поддржува Владата во постигнувањето на Агендата 2030. Потфатот за конфигурација на ОН резултираше со некои промени пред циклусот за РСОР, односно, УНКТАД и ИАЕА не се дел од новата конфигурација на тимот на ОН во земјата, и вклучување на УНОПС и UN Habitat. Иако ITU не ја потпиша РСОР, сепак агенцијата започна активно да придонесува за заедничката работа.

Во текот на 2020 год., агенциите на ОН одржуваа силно присуство во земјата за време на кризата со КОВИД-19, што придонесе за силно позиционирање во текот на годината полна со предизвици. Способноста на ОН во реално време да анализираат и разменуваат знаење, да се прилагодат на локалната ситуација и да понудат поддршка со одржливи решенија за развој и кризни предизвици, се покажа како корисна во поддршка на реализација на резултатите. Способноста да се искористи знаењето и експертизата на регионалните и глобалните канцеларии и нерезидентните агенции, да се научи и сподели искуството од други места, беше особено корисно во 2020 год., кога КОВИД-19 сериозно ги засили постојните развојни предизвици. ОН брзо дадоа поддршка за националниот одговор и помогнаа при проценка на влијанијата врз различните развојни приоритети. Со оглед дека развиените стратегии и приоритети во 2020 год. – РСОР и ЦРФ - можеби ќе треба да се прилагодуваат како што ќе излегуваат нови докази за влијанијата, системот на ОН ја покажаа потребната флексибилност за прилагодување и поддршка на Владата и другите партнери со идентификување и спроведување на долгорочни решенија.

Зајакнатата улога на ПК на ОН, вклучително и преку консолидација на назначената координативна канцеларија, придонесе за заедништвото на ОН и за оперативна и стратешка кохерентност. Работата на неколку внатрешни тематски и оперативни групи е интензивирана, обезбедувајќи поголема ефикасност, координација, заедничко планирање и надворешно позиционирање како единствени ОН.

Беа зајакнати заедничките активности за застапување и јавно информирање за подобрување на видливоста на ОН и приближување на сите аспекти на работата до луѓето, вклучително и преку отворање на новата интернет-страница на ОН Северна Македонија (https: //northmacedonia.un.org) и редовното месечно издание на Билтенот за одржлив развој, со цел е да се подобри транспарентноста на ОН и да се вклучи застапувањето на ОН. Комуникациските активности за поддршка на одговорот на КОВИД-19 - како што е развој и спроведување на комуникација за ризиците и активности за вклучување на заедниците насочени кон најранливите и најпогодените сегменти од населението - или редовните годишни кампањи - како што е 16-те дена активизам против родово базирано насилство - претставуваат само неколку примери на заедничката и моќна работа на ОН за застапување во 2020 год. Понатаму, во 2020 год. беа спроведени неколку клучни внатрешни подготвителни активности за да се унапреди отчетноста и транспарентноста на работата на ОН и резултатите постигнати пред спроведувањето на РСОР за периодот од 2021-2025 год., вклучително и примената на новата алатка за планирање и мониторинг UN INFO и прелиминарна работа на Рамката за финансирање за РСОР.

Развојот на Стратегијата за деловно работење (СДР) 2.0 во 2020 год. беше важен чекор кон реализација на глобалната Агенда за ефикасност на ОН. Имплементацијата на петгодишниот план (2021-2025) ќе создаде поголема оперативна ефикасност, синергија и кохерентност, и според проценките ќе обезбеди заштеда од 1,1 милиони амер.долари преку елиминирање на трансакциските трошоци, заштеда на времето на вработените и придобивки од економијата на обем, на пример преку поголем обем на набавки. ОН во Северна Македонија се обврзаа на понатамошно развивање на заеднички услуги во областа на управување со објекти и простории, информатичка технологија, човечки ресурси и финансии и набавки. Ова ќе овозможи понатаму да се отстрани дуплирањето и да се искористи заедничката преговарачка сила на ОН. На крајот на 2020 год., три агенции на ОН споделија заедничка премиса - Куќа на ОН – каде што е сместен и ПК на ОН, додека другите резидентни агенции располагаат со свои канцеларии.

Иако под силно влијание од кризата со КОВИД-19, ОН во Северна Македонија обезбедија континуитет и непрекинато работење, грижејќи се за безбедноста и здравјето на своите вработени како врвен приоритет. На самиот почеток се воспостави флексибилно и далечинско работење зависно од потребите, придружено со строго спроведување на мерките за спречување, ублажување и подготвеност.

*Младиот Павел Милановски од Северна Македонија ја освои првата награда на Светскиот ден за храна на ФАО во 2020 год. на конкурсот за постери кои прикажуваат херои во врска со храната: земјоделци и работници низ целиот синџир на храна.* Фотографија: ФАО



# Финансии и мобилизација на ресурси

## Финансиски преглед

Во 2020 год., на располагање на ОН Северна Македонија беа 40,1 милиони американски долари (расположливи средства), од кои беа искористени 35,8 милиони американски долари (расходи), што резултираше со стапка на реализација од 89%. Гледано по темите/резултатите на ПОР, најмногу ресурси беа потребни за одржливоста на животната средина, социјалната инклузија и вработувањето , со трошоци од 16,8 милиони, 7,8 милиони и 6,2 милиони долари, соодветно, по што следуваат доброто управување и родовата еднаквост, со 4,2 милиони и 0,8 милиони американски долари, соодветно.

Најголем дел од финансирањето е добиено во форма на не-основни средства (33,3 милиони амер.долари, 89%). Меѓу не-основните извори на финансирање, придонесот во најголем дел е во форма на финансирање на индивидуални проекти и програми (76%), потоа од глобални вертикални фондови (14%), тематски фондови (4%), здружени фондови (3%) и владино финансирање (6%).

Десетте најголеми не-основни извори на финансирање на ОН во Северна Македонија во 2020 година беа ЕУ, Швајцарија, ГЕФ, Шведска, САД, Германија, Велика Британија, Норвешка, Мулти-партнерскиот труст фонд за миграции (МПТФ Миграции) и Северна Македонија. Финансиските податоци за 2020 год. се претставени на графиконите подолу. Податоците се прикажани заклучно со 19 март 2021 год., за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 година, во американски долари.

**Потребни, достапни и потрошени средства - севкупно и по резултат**

*Податоци заклучно со 19 март 2021 год., за 1 јануари - 31 декември 2020, во милиони американски долари*







Извор: ОН Северна Македонија; информациите за расположливите финансиски средства и расходи се од финансиските системи или финансиските извештаи на агенциите на ОН заклучно со 19 март 2021 год.

**Придонес според вид и извор на финансирање**

*За периодот 1 јануари - 31 декември 2020 година, во милиони амер. долари*

*Вкупните основни и не-основни ресурси (37,6 милиони амер.долари) се средства добиени помеѓу 1 јануари и 31 декември 2020 год. (делумно на готовинска основа). Износот е помал од сите расположливи средства за 2020 година (40,1 милиони амер.долари, пресметковна основа) бидејќи одредени финансиски приливи за активностите во 2020 год. беа добиени на крајот на 2019 год., додека помалку аванси за 2021 год. беа добиени во 2020 година.*




Извор: ОН Северна Македонија, 2021

# Мобилизирање ресурси

**Мобилизирањето ресурси во 2020 год. се фокусираше на мобилизирање финансиски средства за одговор на КОВИД-19 и на пристап до глобално финансирање за заеднички интервенции на ОН.**

## Идентификување ресурси за одговор на КОВИД-19

ОН брзо се вклучија во мобилизирање ресурси за брз, адекватен и непосреден одговор на кризата во поддршка на заложбите на Владата. Средствата беа обезбедени од билатерални донатори во земјата, од глобални тематски и здружени фондови и преку пренамена на постоечките ресурси. Во 2020 год., ОН дадоа поддршка на земјата во вредност од близу 12 милиони американски долари, од кои поголем дел беа нови мобилизирани средства. Агенциите на ОН беа успешни во искористувањето на нивните внатрешни ресурси, како што е преку СЗО Фондот за КОВИД-19 или Инструментот за брз одговор на УНДП.

## Барање поддршка за заедничко дејствување

Како еден стратешки приоритет, ОН во Северна Македонија во 2020 год. се насочија на зголемување на својот удел во обезбедување на финансиски средства за заедничко дејствување, со клучен фокус на глобалните инструменти за финансирање како извори на финансиски средства. Девет подготвени проекти беа поднесени до четири здружени фондови на ОН:

- Повик за финансирање на заедничкиот фонд за ЦОР, компоненти 1 и 2 (поднесени два концепти за проекти)
- Мулти-партнерски труст фонд за миграции (поднесени три концепти за проекти)
- Фонд за одговор и закрепнување од КОВИД-19 МПФТ (поднесени три концепти за проекти)
- ОН Фонд за унапредување на правата на лицата со попреченост (поднесен еден искажан интерес)

Покрај тоа, тимот на ОН во земјата беше активно ангажиран во подготовката на регионална апликација на Западен Балкан за фондот за градење мир (ПБФ).

Преку овие координирани напори, ОН Северна Македонија успешно обезбедија 2,75 милиони американски долари за три од девет нови заеднички проекти преку здружени фондови на ОН:

- “Планирање и дискурс за миграциската политика заснована на докази во Северна Македонија“, финансиран од МПТФ за миграции (1,5 милиони амер.долари), спроведуван од ИОМ, УНХЦР и УНФПА во период од 30 месеци.
- “Безбедни и иновативни здравствени услуги во време на КОВИД-19, финансиран од Фондот за одговор и закрепнување од КОВИД-19 (0,85 милиони амер.долари), спроведуван од УНФПА, СЗО и УНИЦЕФ, во период од 14,5 месеци.
- Фаза на започнување на заедничкиот проект за правата на лицата со попреченост, финансиран од ОН МПТФ ПРПД (0,4 милиони амер.долари), во период од 24 месеци.

**9** ЗАЕДНИЧКИ ПРЕОЕКТИ
*подготвени во 2020*

**33%** СТАПКА НА УСПЕШНОСТ
*за обезбедување заеднички проекти*

**$2.75M**
*мобилизирани преку глобалните здружени фондови на ОН*

Овие заложби имаа за цел да ја подобрат комбинацијата од извори на финансирање преку зголемување на процентот на помалку наменски видови на финансирање, како што се вертикални, здружени и тематски фондови, и намалено потпирање на посебното финансирање на проекти како наменски определен извор на финансирање. Од крајот на 2020 год., посебното финансирање проекти и програми остана примарен извор за активностите на ОН во Северна Македонија. Преминот кон помалку наменски извори на финансирање ќе овозможи пофлексибилно да се насочи поддршката на ОН и да се оптимизира обезбедувањето на експертизата на ОН.

## Планирање за РСОР за 2021-2025 год.

Во последното тримесечје од годината беше изработена Рамката за финансирање на РСОР, која дава детален преглед на потребите за мобилизирање ресурси за следниот петгодишен период, како и анализа на комбинираното финансирање од расположливите средства. Врз основа на овие информации, Стратегијата за мобилизирање ресурси за РСОР ќе се изработи во првата половина на 2021 год., дефинирајќи ги посебните пристапи и алатки за да се обезбеди координирано мобилизирање на ресурси и поструктуриран дијалог за финансирање со партнерите што даваат придонес.

*УНОПС набави и испорача клучна медицинска опрема и предмети за борба против КОВИД-19 во вредност од 4 милиони евра доделени од ЕУ.* Фотографија: УНОПС



# ОН во Северна Македонија во 2021 год.

ОН и Владата на Северна Македонија започнаа со имплементација на новата петгодишна стратегија (2021-2025) која има три стратешки приоритети:

- Одржлив и инклузивен економски и социјален развој;
- Климатска акција, природни ресурси и управување со ризици од катастрофи;
- Транспарентно и одговорно демократско управување.

РСОР ќе придонесе да се постигне дека сите луѓе во Северна Македонија до 2025:

1. имаат подобрен животен стандард преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување во инклузивен и иновативен деловен екосистем;
2. имаат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани на права - здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита - втемелени во системи отпорни на вонредни состојби;
3. имаат придобивки од амбициозната климатска акција, одржливото управување со природните ресурси и добро зачуваниот биодиверзитет преку добро управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи; и
4. имаат придобивки од подобрено владеење на правото; предвидливи и родово одговорни политики засновани на докази; поголема социјална кохезија; и ефективна испорака на услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции.

Во 2021 год., тимот на ОН во земјата главно ќе се насочи на следното:

**Давањето одговор на КОВИД-19** ќе остане врвен приоритет. Тимот на ОН во Северна Македонија ќе продолжи со давање поддршка за политиките и техничка поддршка за здравствено-социо-економскиот владин одговор на влијанијата на КОВИД-19, како и започнување и зајакнување на интервенции за отпорно, правично и зелено закрепнување на општеството во целина преку интегрирање на поддршката за КОВИД-19 со имплементацијата на РСОР.

**Имплементацијата на РСОР** и забрзувањето на Агендата 2030 ќе имаат централно место во напорите на тимот на ОН во земјата преку спроведување на РСОР - со обезбедување на совети за политики и поддршка на државните институции, тесно усогласени со националните работни текови, особено со процесот за Националната стратегија за развој .

ОН во Северна Македонија ќе работат на понатамошна **операционализација на визијата на Генералниот секретар на ОН за превенција** - предвидување, спречување и управување со ризиците поврзани со внатрешните и надворешните шокови што може да ги поткопаат достигнувањата од Агендата 2030, и поддршка на отпорноста; барање можности за иницијативи за регионална соработка коишто вклучуваат активности за превенција и заедничко работење со сите партнери за да се сведе на минимум повторното влијание од тековните кризи, како што е КОВИД-19, и идните закани.

**Стратешкото финансирање и партнерствата** се клучни за достигнувањето на ЦОР. Во 2021 год., тимот на ОН во Северна Македонија ќе го унапредува и понатаму зајакнува координираниот пристап кон партнерствата, што ќе вклучува зголемен фокус на идентификување и обезбедување на заеднички можности за финансирање на РСОР и зголемување на партнерствата и застапувањето за финансирање на ЦОР.

ОН во Северна Македонија и понатаму ќе го јакнат промовирањето на **принципот Никој да не заостане, родовата еднаквост, човековите права** и основните вредности, стандардите и принципите втемелени во Повелбата и договорите на ОН - преку застапување и унапредување, доследна вклученост во политиките и планирање и зајакната имплементација.

Во областа на **деловните иновации,** тимот на ОН во Северна Македонија и понатаму ќе ги проценува, прилагодува и зајакнува внатрешните процеси за да се унапредат и создадат поголема оперативна ефикасност, синергија и кохерентност преку спроведување на Стратегијата за деловно работење и другите работни текови.

*Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации и Република Северна Македонија за 2021-2025*




ЛИНКОВИ:

АНГ

МКД

АЛБ

# Анекси

## Листа на акроними и кратенки

АМПТ Активни мерки на пазарот на трудот
ЦЕФТА Централноевропски договор за слободна трговија
ПДЗ Програмски документ за земјата
ЦКГ Црвен крст на Град Скопје
РЗР Рамка за одговор на КОВИД-19
ССЕ Сеопфатно сексуално образование
СН Семејно насилство
ЕБОР Европска банка за обнова и развој
РДР Ран детски развој
ЕСС Економски и социјален совет
ЕЕ Енергетска ефикасност
АВРМ Агенција за вработување
РБН Родово базирано насилство
ЗКФ Зелен климатски фонд
ГЕФ Глобален фонд за животна средина
ГХГ Стакленички гас
ИЧР Извештај за човечки развој
МУЗП Меѓународна унија за заштита на природата
ЗУК Заеднички управувачки комитет
МОН Министерство за образование и наука
МТСП Министерство за труд и социјална политика
НУП Национално утврдени придонеси
НСР Национална стратегија за развој
НПАА Национална програма за усвојување на правото на законодавството
ПОР Партнерство за одржлив развој
ЛП Лица со попреченост
ОЕ Обновлива енергија
РСОР Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации
СРЗ Сексуално репродуктивно здравје
ПСРЗ Права на сексуално репродуктивно здравје
ТОНЗ Тим на Обединетите нации во земјата
ДНП Доброволен национален преглед

## Листа на партнери

**Владата и државните агенции**
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министерство за култура
Министерство за одбрана
Министерство за економија
Министерство за образование и наука
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за финансии
Министерство за надворешни работи
Министерство за здравство
Министерство за информатичко општество и администрација
Министерство за внатрешни работи
Министерство за правда
Министерство за труд и социјална политика
Министерство за локална самоуправа
Министерство за транспорт и врски

Академија за судии и јавни обвинители
Агенција за поддршка на претприемништво
Агенција за катастар на недвижнини
Основно јавно обвинителство
Биро за развој на образованието
Биро за регионален развој
Центар за образование на возрасни
Центар за стручно образование и обука
Центри за јавно здравје
Центри за регионален развој
Центри за социјална работа
Центар за управување со кризи
Царинска Управа
Вицепремиер задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции
Вицепремиер задолжен за европски прашања
Вицепремиер задолжен за борба против корупцијата
Одржлив развој и човечки капитал
Дирекција за извршување санкции
Дирекција за заштита и спасување
Дирекција за управување со води
Агенција за вработување
Првиот вицепремиер и министер задолжен за политички систем и односи меѓу заедниците
Агенција за храна и ветеринарство
Фонд за иновации и технолошки развој
Генерален секретаријат на Владата
Фонд за здравствено осигурување
Управа за хидрометеоролошки работи
Комитет за имунизација
Институт за јавно здравје
Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со попреченост
Судство
Единици на локална самоуправа
Национална комисија за борба против трговија со луѓе
Национална комисија за УНЕСКО на Северна Македонија
Национален совет за одржлив развој (НСОР)
Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
Национални паркови
Кабинет на Претседателот на Република Северна Македонија,
Кабинет на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
Народен правобранител
Собраниска комисија за економија
Собраниска комисија за образование, наука и спорт
Собраниска комисија за еднакви можности на жените и мажите
Собраниска комисија за европски прашања
Собраниска комисија за здравство
Собраниска комисија за труд и социјална политика
Установи за примарна здравствена заштита
Јавен обвинител за организиран криминал и регионални болници за корупција
Регионални болници
Комитет за безбедно мајчинство
Секретаријат за европски прашања
Постојана анкетна комисија за заштита на граѓанските слободи и права
Државен просветен инспекторат
Државен инспекторат за животна средина
Државен завод за статистика

Универзитетски клиники

**Граѓански организации**
Agriculture and rural development CSOs
ГОи за земјоделство и рурален развој
ГОи против сиромаштија
Здружение ЦеПроСАРД
Здружение Еко Свест
Здружение Фагриком
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)
Здружение Зелен центар
Здружение Коцка
Здружение Милиеуконтакт Македонија
Здружение на гинеколози и акушери
Здружение на медицински сестри и акушерки
Здружение на специјални едукатори
Здружение на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС
Балканска фондација за одржлив развој (БФОР)
Црвен Крст на Град Скопје
Поврзување на природните вредности и луѓето (CNVP Македонија)
Еколошки граѓански организации
ГОи за родови права
Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА)
Опции за здрав живот - Скопје (ХОПС)
Хелсиншки комитет за човекови права
Здружение за трудово и социјално право
ГОи за ЛГБТИ права
Македонска платформа против сиромаштијата (МППС)
Македонско еколошко друштво (МЕД)
Здружение на правници на Македонија (МПП)
Македонско лекарско друштво
Македонско здружение за заштита при работа
Црвен крст на Република Северна Македонија
Македонско здружение на млади правници (МЗМП)
ГОи за мигранти, бегалци и лица без државјанство
Национален совет на инвалидските организации
Национална федерација на фармери
Отворена порта - Ла Страда Северна Македонија
Организација на работодавачи на Македонија
Организации на лица со попреченост (ОЛП)
Платформа „Пријатели на Шара"
ГОи за правата на Ромите
Мрежа за рурален развој
ГОи за правата на сексуалните работници
Скопје лаб- Центар за иновации (Град Скопје)
СмартАп - Лабораторија за социјални иновации
СТАР СТАР - Прв колектив за сексуални работници на Балканот
Синдикати
Младински граѓански организации
Младинска мрежа (Y-PEER)
Заедно посилни

**Академска заедница**

Центар за континуирана едукација на матични лекари
Консалтинг и истражување за ран детски развој (ЕДЦ Кор)
Факултет за земјоделски науки и храна (УКИМ)
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (УКИМ)
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" (УКИМ)
Правен факултет „Јустинијан Први" (УКИМ)
Медицински факултет (УКИМ)
Природно-математички факултет (УКИМ)
Филозофски факултет (УКИМ)
Хидробиолошки завод Охрид
Институт за човекови права
Служба за здравствена заштита на мајки и деца
Економски институт (УКИМ)
Институт за родови студии (УКИМ)
Институт за социјална работа и социјална политика (УКИМ)
Македонски центар за граѓанско образование
Истражувачки центар за енергетика и одржлив развој (МАНУ)
Полициска академија Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" (УКИМ)

Педагошки факултети во Скопје, Штип, Тетово и Битола
Тинк-тенкови
Претседавачи на УНЕСКО
Универзитет „Гоце Делчев" Штип
Универзитетска клиника за психијатрија (Клинички центар „Мајка Тереза", УКИМ)
Тетовски универзитет
Разни специјализирани медицински институти

**Меѓународни партнери**

Австриска амбасада (АДА)
Британска амбасада
Централна европска банка
Конзуларно претставништво на Република Словачка
Делегацијата на Европската Унија
Иницијатива за подготвеност и спречување на катастрофи за Југоисточна Европа (ИПСК ЈИЕ)
Амбасада на Франција
Амбасада на Шведска (СИДА)
Амбасада на Швајцарија (СДЦ, СЕЦО)
Амбасада на Република Турција
Амбасада на Руската Федерација
Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)
Европска фондација за обука (ЕТФ)
Генерален конзулат на Белгија
Женевски центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ)

Германска амбасада
Канцеларија на ГИЗ
Меѓународен центар за развој на миграциска политика (ИЦМПД)
Меѓународна унија за заштита на природата
Регионална канцеларија за Источна Европа и Централна Азија (ИУЦН - ЕЦАРО)
Фондација Lions Club International
Регионална иницијатива за миграција, азил, бегалци (МАРРИ)
Холандска амбасада
Мрежа на здруженија на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС)
Мисија на ОБСЕ
Амбасада на Кралството Норвешка
Регионална канцеларија за младинска соработка (RYCO)
Паневропска програма за транспорт, здравство и животна средина (ПЕП)
Амбасада на САД (УСАИД)
Група експерти на УНЕЦЕ за енергетска ефикасност

**Приватен сектор и други**

Адвокатска комора
Бизнис конфедерација на Македонија
Комора на медијатори
Дијаспора
Лекарска комора
Медиуми
Установи за примарна нега

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

**northmacedonia.un.org**

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

# Додаток: детален преглед на резултатите во 2020

РЕЗУЛТАТ 1

## Повеќе и подобри работни места

*До 2020, поголем број на жени и мажи имаат можност да ја подобрат својата егзистенција преку обезбедено пристојно и одржливо вработување во поконкурентна економија со многу работни места*

Придонес за:

Развој на економијата, зголемување на продуктивноста вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните; Реформи во образовниот систем и инвестиции во иновации и информатичка технологија;

Економски развој и конкурентност
19. Социјална политика и вработување;
20. Политика за претпријатија и индустрија;
26. Образование и култура

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
МОТ, ИОМ, УНДП, УНЕЦЕ

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница и други.

### (1.1) Националните институции имаат подобрени капацитети за развој, спроведување и следење на политиките и мерките коишто помагаат да се отвораат поодржливи работни места

Во услови на променети околности, ОН продолжија да соработуваат со националните институции, градејќи ги нивните капацитети за креирање, спроведување и следење на политиките за работни односи. Тука спаѓа и обезбедувањето на дијагностика за вработување во поддршка на формулацијата на Националната стратегија за вработување заснована на докази со Акциски план, вклучително и стратегија за вработување на млади (што треба да се финализира во јуни 2021 год.). На националните институции им беше обезбеден моделот за предвидување на ОН и проекции за пазарот на трудот и индикатори за сиромаштијата од програмата заснована на докази за Инструментот за претпристапна помош (ИПА) III. Беа воспоставени нови институции со поддршка на ОН (два инклузивни Центри за работно ориентирана рехабилитација на лица со попреченост), по прв пат беше спроведено Локалното партнерство за вработување од старт-ап Центарот во Битола со локални решенија за специфичните предизвици на заедниците.

АВРМ ја презем и спроведе мерката за самовработување иницирана од ОН и имаше придобивки од градењето капацитети на вработените во 30-те центри за вработување. Покрај тоа, за да се поддржи создавањето на посилно партнерство помеѓу АВРМ и приватниот сектор, ОН ги зајакнаа знаењето и вештините на 49 советници на работодавачи на АВРМ, од кои 65% беа жени. АВРМ, исто така, успеаја целосно да ги интегрираат новите услуги за работодавачите во своето работење, како што е Акциската платформа за МСП којашто функционира како едношалтерски систем за да се надминат предизвиците за МСП од пандемијата со КОВИД-19. Со поддршка на ОН, социјалните партнери беа во можност да ја зголемат видливоста и застапувањето засновано врз докази, да ги задржат членовите, но и привлечат нови членови со приспособување на нивните услуги на новата реалност.

Како што се развиваше кризата со КОВИД-19, ОН обезбедија препораки засновани на докази за социо-економското влијание, преку: „Брза проценка на влијанијата врз вработувањето и давање одговор преку политиките", „Влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз претпријатијата во Северна Македонија" и поопсежна "Социо-економска проценка на влијанијата од Ковид-19 во Северна Македонија" подоцна во годината. Во рамките на ЕСС беше формирана работна група за КОВИД-19 и работниот свет, што овозможи ЕСС активно да учествува во подготовката на антикризните мерки на Владата. Како резултат на тоа, владините стимулативни мерки беа проширени за да се обезбедат надоместоци за невработеност за дополнителни 3.803 лица кои се исклучени поради заобиколување на прописите од страна на сопствениците на компаниите; а програмата за субвенционирање на минимална плата беше продолжена до јуни 2020 година.

Со насочени интервенции и поддршка на ОН, беа обезбедени 314 долгорочни вработувања преку различен сет на активни мерки на пазарот на трудот; и беа основани 126 нови компании во рамки на ново- воспоставената поддршка за само-вработување на луѓето кои останаа без работа. ОН исто така ги поддржаа земјоделците со воведување на земјоделски договори и нова иновативна технологија за преработка, сушење и пакување на храна во центарот за обука во Струмица. Како резултат, 35 локални земјоделци беа во можност да ги надминат предизвиците во производството, дистрибуцијата и пласманот на локалните производи на пазарите, особено во контекст на кризата со КОВИД-19.

**314** ДОЛГОРОЧНИ **ВРАБОТУВАЊА**

**126** НОВИ ПРЕТПРИЈАТИЈА **ОТВОРЕНИ**

### (1.2) Групите со ниско учество во работната сила и ниска стапка на вработеност стекнуваат вештини и пристап коишто им се потребни за се обезбедат попристојни работни места на формалниот пазар на трудот

Во текот на целата година, ОН продолжија да ги градат вештините на најранливите групи за да се подобри нивниот пристап до формална и пристојна работа. Во овој контекст, обезбедени се релевантни вештини за пазарот на 584 невработени лица, од кои 65% жени, а 29 затвореници (8 жени) се стекнаа со државно признаени сертификати со помош на ОН.

ОН исто така даваа поддршка за целните корисници, вклучително и за повратниците што се корисници на Програмата за асистирано доброволно враќање и реинтеграција, од кои 67% најдоа работа и се олесни вработувањето на 12 млади лица од вкупно 183 кои беа обучени преку 5 младински информативни клубови на 4 државни универзитети. Покрај тоа, беше основан нов младински ресурсен центар во Гостивар како центар за иновации, кариера, вештини и старт-апи за да се поддржат младите во Полошкиот регион.

Со насочени интервенции, ОН беа во можност да ангажираат 613 невработени лица, од кои 71 примател на гарантирана минимална помош, да бидат даватели на социјални услуги на над 8.900 крајни корисници во 52 општини.

| | | |
|---|---|---|
| 107 РОМИ ВРАБОТЕНИ | 584 НЕВРАБОТЕНИ ОБУЧЕНИ | 29 ЗАТВОРЕНИЦИ СО СЕРТИФИКАТИ |

### (1.3) Системот за образование и обука е зајакнат со цел да им се обезбедат квалификации и вештини на лицата на коишто им се потребни за да ги исполнат барањата на пазарот на трудот

Во соработка со Владата, ОН работеа на анализа на можностите за вработување со коишто ќе се одговори на побарувачката за квалификувана работна сила за да се направат системски промени во моделот на образование. Различните методолошки алатки вклучуваа проценка на поврзаноста и јазот помеѓу образованието и вработувањето, како и проценка на вештини за градежната и текстилната индустрија и обновливите извори на енергија. Тука беше вклучена и ситуациона анализа на пост-средното образование и концепт за подготовка на приватен регионален центар за стручно образование и обука во Северна Македонија.

Процесот беше во голема мера консултативен - беа вклучени 186 компании, 32 образовани установи и 30 институции од централната и локалната власт; и 48 претставници од приватниот сектор (80% жени) имаа придобивки од градењето капацитети за управување со човечките ресурси. Од нив, 12 компании требаше да добијат дополнителни обуки за да подготват долгорочни планови за човечки ресурси со родова метрика (%) за жени и мажи вклучени во индустриите. Исто така, стручната обука беше подготвена со цел да ги задоволи потребите на 40 компании и беше спроведена за 149 невработени лица, од кои над половина се очекуваше да бидат вработени по успешното завршување на обуката.

*Благодарение на поддршката што се обезбеди преку Програмата за самовработување на УНДП, Мезѓун Вејселов беше во можност да го оствари својот сон и да отвори свој фризерски салон во родниот град Штип.* Фотографија: УНДП



### (1.4) Институциите и процесите за тристраниот социјален дијалог се зајакнати како начин за промовирање на пристојната работа и одржливиот раст

Во текот на целата година, ОН го поддржуваа ЕСС за целисходна вклученост во социјален дијалог со интервенции базирани на докази. Во тој контекст, ОН обезбедија анализа на постапките за колективни преговори, со фокус на механизмите за утврдување на платите и се спроведе теренски проект за зајакнување на капацитетот на националните и локалните власти за решавање на потребите на најранливите групи на население кои живеат во неформалните населби, и беше подготвен и нацрт Акциски план за закрепнување.

Како што се развиваше кризата со КОВИД-19, на барање на Владата, ОН подготвија Технички документ за правната и социјалната заштита на посебни категории на вработени лица, а тоа влијаеше и на подготовката на стимулативните мерки. ОН подготвија и Правна анализа за регулирање и примена на работење од дома и за ЕСС ги обезбедија Упатствата за имплементација на Европскиот рамковен договор за работа од дома. Услугите на социјалните партнери беа дополнително подобрени, при што ОН поддржаа десет проекти за воведување нови услуги и модернизација на постоечките услуги, како и сеопфатни пакети за обука за Започни и подобри го својот бизнис. Покрај тоа, ОН ги локализираа и избраа девет локални ЕСС каде што ќе се развиваат локалните акциски планови за вработување во 2021 год.

ОН, исто така, ја зголемија видливоста на социјалните партнери за време на кризниот период, започнувајќи ја кампањата за работничките права и развивајќи стратегии за комуникација за четирите синдикати.

Во контекст на промовирање на регионалната трговска поврзаност, националните власти имаа придобивки од градењето капацитети за концептот „Еден прозорец“ и споделувањето податоци за Западен Балкан, како и од Националниот механизам за следење на олеснувањето на трговијата и транспортот.

*% препораки/мислења за економски и социјални реформи дискутирани во ЕСС*

| | |
|---|---|
| 60% | ПОЧЕТНА |
| 80% | ЦЕЛ |
| 100% | ПОСТИГНАТО |

### (1.5) Националните политики поттикнуваат претприемништво, позитивно деловно опкружување, одржлив раст на приватниот сектор и продуктивно користење и поефтин трансфер на дознаки

Агенциите на ОН обезбедија значителен придонес во политиките за подобрување на деловното опкружување,

особено во областа на претприемништво и МСП. Тука спаѓа Предлог-политика за претприемничка култура - услуга за поддршка на старт-апи и претпријатија каде што се идентификувани предизвиците, политиките и стратегиите поврзани со вештини за претприемништво, како и проценка на пазарот за еко-системот за претприемништво во Северна Македонија и анализа на Пречките за пристап до финансии за ММСП . Покрај тоа, проценките на циркуларната економија поддржани од ОН покажаа дека примената на циркуларни практики во избрани текови на отпад до 2030 година може да донесе: заштеда од 951 Gg CO2-eq /годишно, 2.740 нови работни места и 47,17 милиони евра економски придобивки.

Во контекст на кризата со КОВИД-19, ОН обезбедија контролна табла за проценка на социо-економското влијание и проценка на потребите со критички и континуиран увид за креаторите на политики, со подлабоки согледувања и насоки за закрепнување во земјоделството и текстилната индустрија.

Покрај тоа, за време на кризата, ОН им помагаа на деловните субјекти да опстојат и да ги задржат работниците преку обезбедување на онлајн услуги на невработените и работодавачите преку Центрите за вработување и воспоставување на Платформа за акција за МСП (bizz4all.mk) што претставува интегрирана онлајн едношалтерска поддршка којашто овозможува порамноправен пристап

*Платформа за акција на МСП (bizz4all.mk)* Фотографија: УНДП




до услуги и им помага на компаниите да ги надминат предизвиците поради пандемијата. Платформата содржи бесплатни, повеќејазични, лесни за употреба веб и мобилни интерфејси коишто им овозможуваат на корисниците да најдат едноставни и корисни деловни совети и трикови преку интересни и анимирани визуелни прикази, ажурирани информации за достапните финансиски механизми, бесплатно подучување и менторски услуги и онлајн соработка.

## РЕЗУЛТАТ 2:
# Поодговорно управување

*До 2020, националните и локалните институции можат подобро да осмислуваат и даваат висококвалитетни услуги за сите корисници, на транспарентен, исплатлив, недискриминирачки и родово-сензитивен начин.*

**Придонес за:**

Демократско и отчетно управување
Реформи во јавната администрација, полицијата и правосудниот сектор
Борба против корупцијата

Политички критериуми и владеење на правото
23: Судството и основните права
24: Правда, слобода и безбедност
19: Социјална политика и вработување

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
ИОМ, ОХЦХР, УНФПА, УНХЦР, УНИЦЕФ, УНОДЦ, UN Women, СЗО, МОТ, УНЕСКО, UN-Habitat, УНОПС

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, Секретаријат за европски прашања, Државен завод за статистика, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница и други.

### (2.1) Институциите за локалното управување се зајакнати за ефикасно и правично давање на услуги

Подобрените капацитети за локалното управување резултираа во ефикасни и исплатливи јавни услуги и зголемено задоволство кај граѓаните, особено во секторот за социјална заштита. Позитивен тренд во овозможувањето на граѓаните директно да учествуваат во донесувањето одлуки преку форуми е забележан во 70 од 81 општините. Аспектите поврзани со родот и младите се интегрирани во клучните развојни политики, одлуки и буџети на национално, регионално и локално ниво. Повеќето иницијативи, вклучително и усогласувањето на процедурите за миграции со правото на ЕУ, зајакнатите капацитети и вештини за културолошко посредување при спроведувањето на законот и социјалните услуги, реновирањето на болниците и сместувачките капацитети придонесоа за подобри услуги и безбедност на мигрантите и барателите на азил.

Дигиталните решенија, вклучително и електронското плаќање на даноци, платформата за е-учење достапна за сите 1.347 општински советници во земјата и други алатки овозможија континуитет на општинските деловни процеси и испорака на услуги за време на пандемијата. Мобилната апликација „Биди безбедна" овозможува пријавување и подигнување на свеста за семејно насилство (СН) и родово базирано насилство (РБН).

*Општина Новаци е дел од програмата на UN Women за промовирање родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и Шведската меѓународна агенција за соработка и развој (СИДА).* Фотографија: UN Women



### (2.2) Групи од граѓанското општество, поединци и млади директно учествуваат во процесите на донесување одлуки и поактивно ги следат националните и локалните институции

Поддршката на ОН за широки и инклузивни консултации меѓу Владата, граѓанското општество и младите даде за резултат политики, програми и одлуки на сите нивоа каде централно место се дава на луѓето и постигната е сензитивност за младите. Анкетата за влијанието на КОВИД-19 врз младите луѓе, особено оние кои заостануваат, овозможи информации за серијата врснички консултации за прашања што влијаат на нивниот живот. Беше промовиран сеопфатен концепт за сексуално образование (ССЕ), заедно со дигитална платформа за образование на лицата со попреченост, особено децата со нарушувања од аутистичен спектар. Две кампањи на социјалните медиуми за ССЕ, правата за сексуално репродуктивно здравје (ПСРЗ) и РБН информираа многу млади луѓе низ целата земја. Дополнително, се зголемија капацитетите на граѓанското општество за транспарентно финансирање и управување на проекти, вклучително и за брзи проекти поврзани со пандемијата, каде што е вклучена родовата перспектива и правичната застапеност на жените кои традиционално се недоволно застапени во локалната самоуправа.

### (2.3) Националните и локалните институции ги подобрија капацитетите за примена на принципите на владеење на правото, отчетност и транспарентност при испораката на јавни услуги

ОН доследно го поддржуваа почитувањето на принципите на владеењето на правото од страна на партнерските институции, унапредувајќи ја нивната транспарентност, инклузивност и отчетност. На креаторите на политиките им беа обезбедени податоци за донесување одлука врз основа на информираност за стратешките приоритети, испораката на правични услуги и управувањето со јавните финансии. На поголем број општини им беше овозможено редовно да објавуваат финансиски податоци, да ги пренесуваат седниците на општински совети во живо, да применуваат систем на интегритет, да вршат законодавна и надзорна улога, и да спроведуваат консултации со засегнатите страни. ОН обезбедија техничка поддршка за подготовката на новата Програма за одржлив локален развој и децентрализација.

Агендата на Северна Македонија за ЕУ е консолидирана со 60 усогласени закони со законодавството на ЕУ во областите на судски реформи, енергетика, земјоделство, животна средина, трговија и образование, како и со зголемени капацитети на 600 државни службеници (над половина од нив жени) и јавно достапен портал на НПАА. Зголемени се и вештините за известување и знаењето на новинарите за проширувањето на ЕУ. Во безбедносниот сектор беа воведени дигитални алатки за политики засновани на докази за податоците за огнено оружје, а крајните корисници беа обучени за правилното функционирање на системот.

ОН поддржаа неколку регионални иницијативи за унапредување на владеењето на правото и доброто управување преку насочени мерки за гранична контрола на пристаништата и аеродромот со цел справување со сите форми на недозволената трговија. Врз основа на засилената законска и институционална рамка, во 2021 год. беше потпишано Писмо за согласност со Владата за формирање на меѓуагенциска група составена од единица за контрола на воздушен товар и заедничка работна група за аеродромски забрани на Меѓународниот аеродром во Скопје. ОН, исто така, градеа капацитети и регионални платформи со коишто се зајакна кривично-правниот одговор и соработката против корупцијата, незаконските финансиски текови и трговијата со оружје.

## РЕЗУЛТАТ 3:

# Подобар живот за ранливите луѓе

***До 2020, поголем број припадници на социјално исклучените и ранливите групи се оснажени да ги остваруваат своите права и да уживаат подобар квалитет на живот и правичен пристап до основни услуги***

**Придонес за:**

Едно општество за сите
Реформи во образовниот систем и инвестиции во иновации и информатичка технологија
Квалитетни услуги за сите

18 (Статистика)
19 (Социјална политика и вработување)
25 (Наука и истражување)
26 (Образование и култура)

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
ИОМ, ОХЦХР, УНФПА, УНХЦР, УНИЦЕФ, УНОДЦ, UN Women, СЗО, МОТ, УНЕСКО, UN-Habitat, УНОПС

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, Секретаријат за европски прашања, Државен завод за статистика, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница и други.

### (3.1) Генерирани податоци за поддршка на политиките и програмите засновани на докази, наменети за ранливи и социјално исклучени групи

2020 година ја одбележа успешното завршување на шестиот круг на Мултииндикаторското калстерско истражување (MICS6) и ажурирањето на TransMonEE. Со поддршка на ОН, Државниот завод за статистика успешно го спроведе истражувањето, преку кое се обезбеди огромна количина на расчленети податоци во области кои се клучни за добросостојбата на децата. И покрај ограничената дисеминација, податоците од MICS6 послужија да се премости јазот во податоците, вклучително, но не и ограничено на здравјето и имунизацијата, предучилишното образование и заштитата на децата.

Како дел од брзата проценка на ефектите од пандемијата врз ранливите категории, беше спроведена студија за социјалните и економските ефекти на пандемијата врз децата, за да се разгледа националното влијание врз секторите поврзани со децата - социјална и детска заштита, образование и здравје – со оценка на влијанието на јавното финансирање, како и на капацитетот на Владата да даде одговор. Преку студијата јасно се истакнува дека најсилно се погодени најранливите, со дополнителни 16.000 деца во ризик да се најдат под прагот на сиромаштијата [визуелизира]. Заедно со партнерите, ОН ги искористија наодите за застапување за: прилагодување на образованието на новите услови; подобар опфат на децата во најголем ризик; заштита на децата и жените од насилство, експлоатација и злоупотреба; минимизирање на нарушената рутинската здравствена заштита и зголемување на јавната доверба и побарувачката за услуги, вклучително и поддршка за менталното здравје.

*Едно од многуте насмеани лица кои направија собирањето податоци за Мултииндикаторското кластерско истражување (MICS), да биде прекрасно искуство. Извештајот за наодите од истражувањето беше финализиран и објавен во мај 2020 год. ”* Фотографија: УНИЦЕФ



### (3.2) Поголем број социјално исклучени и ранливи лица директно учествуваат во дизајнирањето и испораката на социјални услуги

Партиципативниот дизајн на услуги оддолу-нагоре стана редовна пракса во работата на ОН. Повеќето активности се распределени во останатите резултати, и само мал дел ќе бидат истакнати тука.

Преку програмата за економско зајакнување на жените, ОН ја поддржаа Владата да дизајнира три нови социјални услуги, планирани со најновата социјална реформа, но не беа достапни за граѓаните: 1) услуги за одмена (на членовите на семејството кои се грижат за лица со попреченост им се нуди до 48 часа континуирана замена); 2) Помош во домаќинството (домашна поддршка за родители кои се грижат за стари лица 2-3 дена неделно) и 3) Долгорочна грижа за болни лица (домашна поддршка на членови на семејството што чуваат болни лица, од тимови на здравствени и социјални работници). Имплементација значително ќе го подобри квалитетот на грижата и ќе ја зајакне улогата на жените во семејствата каде што тие се грижат за други лица.

Истражувањето спроведено на национално ниво за проценка на потребите за формализирање на неплатената социјална и интегрирана социјална/здравствена услуга даде информации за сетот на препораки за флексибилни работни политики на работното место и ги посочи следните чекори за формализирање на услугите за грижа и унапредување на економијата за грижа. Како резултат, беа дизајнирани две нови мерки за вработување (насочени кон развој на мрежа на квалификувани и обучени негуватели и професионалци) кои станаа дел од Националниот оперативен план за вработување во 2021 год. Беше овозможена средина за пилотирање на мерките со воспоставување на 3 центри за одмена и 80 лица беа оспособени за обезбедување услуги за нега. Овие мерки ќе им овозможат на жените (67,5% од давателите на нега) да добијат формално признание на нивната работа.

Преку интегрираните здравствени и социјални услуги засновани на заедницата (во рамки на активностите за КОВИД-19), 4.121 лице (2.735 жени) од општините Кочани и Ресен добија разни услуги за поддршка. Беа обезбедени пакети со прехранбени производи и хигиенски материјали за 110 ранливи домаќинства со ниски примања, вклучително и за лица со попреченост во локалните заедници.

## (3.3) Поголем број деца ги остваруваат своите права и уживаат подобар животен стандард и можности во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на детето

Образованието продолжи навремено за скоро сите 300.000 ученици во Северна Македонија по затворањето на училиштата во март низ целата земја. Со пренамена на платформата за ран детски развој (РДР) што е сѐ уште во развој, за да се овозможи масовна поддршка, собирање и дистрибуција на видео лекции, ОН ја поддржаа национална платформа за учење на далечина (Едуино), со којашто ефикасно се возобнови континуитетот во квалитетното образование за сите 300.000 ученици. За помалку од една година, Едуино прерасна во единствената платформа со проверени дигитални едукативни материјали за деца помеѓу 3 и 18 години, на пет наставни јазици. Овие материјали се споделуваат од страна на наставниците за време на часовите преку интернет и од страна на родителите дома, и секој ден се емитуваат на националната ТВ станица. Едуино продолжува да расте и сега нуди над 3000 видео лекции, 500 едукативни игри за училишна и домашна употреба, и над 100 веб-работилници и ресурси за наставници и родители. До декември 2020 год., над 50 проценти од сите наставници во земјата ги користеа овие можности за професионално учење [визуелизирај]. Институционалното искуство стекнато при создавањето на Едуино, заедно со развиените ресурси и компетенции, создадоа систем за учење на далечина, со сопственичко право и управување од страна на Владата, којшто продолжува да расте и во обем и во квалитет, притоа служејќи му на целиот образовен сектор.

Континуираната техничка помош, застапување и соработка со партнерите резултираше во заложба на Владата да се зголеми ниската стапка на запишување на деца на возраст од 3 до 6 години во предучилишно образование преку инвестирање во нови детски градинки и пренамена на постоечки јавни згради во центри за образование во раното детство со заем од Светска банка. Со оваа заложба се поставија и јасни цели до 2024 год. за подобрување на опремата и просториите. ОН го поддржаа МТСП да воспостави рамка за компетенции како основа за градење на системот за професионален развој и кариерно напредување на наставниците. Преку сеопфатната програма за социјално и емоционално учење, ОН обезбедија наставниците да добиваат редовна колегијална поддршка и пристап до значајни можности за учење преку воспоставување на професионални заедници за учење.

Паралелно со ова, „Кампањата –наставниците се важни“ постигна значителни резултати, со опфат од 75% од вкупното население преку телевизиската кампања. Слични резултати беа постигнати на дигиталните канали каде опфатот беше близу 1 милион со вклученост на околу 45.000 луѓе и околу 250.000 прегледи на видеата на каналите на УНИЦЕФ на социјалните мрежи.

За поддршка на образовните реформи и подобрените резултати од учењето на учениците, ОН помогнаа на Министерството за образование и наука да ги идентификува главните системски јазови на кои се должат ниските резултати од учењето. Од таму произлезе и дијалогот за политиките за особено потребната реформа на образовниот систем. Започнувајќи со ревизија на Акцискиот план на Националната стратегија за образование 2018-2025, процесот на реформа потоа продолжи со повеќе клучни образовни политики како што се Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници и националните стандарди за основно образование со што се постави основата за реформа на наставните програми за основно образование. Како резултат на тоа, според мерењата на Програмата на ОЕЦД за меѓународно оценување на учениците (ПИСА) од 2015 до 2018 година, процентот на ученици со ниски достигнувања




*УНИЦЕФ и партнерите означија една година од почетокот на Едуино – онлајн портал за образование, координација и професионален развој, кој во март 2020 започна да обезбедува дигитални ресурси за образование и да им овозможува на децата да продолжат да учат за време на пандемијата.* Фотографија: УНИЦЕФ

по секој предмет (читање, математика и наука) се намали за најмалку девет процентни поени. Земјата забележа највисоко подобрување во резултатите за читање, второ највисоко подобрување за наука и трето за математика.

Во насока на решавање на проблемот со насилството врз децата (НВД), коешто недоволно и нередовно се пријавува од здравствените работници, и сеуште не се постапува по сите сомнежи или грижи, развиени се соодветни модули, обучени се 10 мастер-обучувачи за препознавање, превенција, пријавување и управување со НВД од страна на матичните лекари. Обуката беше надополнета со пилот скрининг за негативните искуства од детството (АСЕ) во 10 ординации на матични лекари, за понатамошно истражување на постоењето на семејна дисфункционалност, физичка, емоционална или сексуална злоупотреба и занемарување од страна на старателите, насилство од врсници или во заедницата, и спречување или ублажување на неговата појава преку водење предмети на начин што овозможува увид во доживеаните трауми.

Поддршката на ООН овозможи приклучување на земјата кон Глобалното партнерство за елиминирање на насилството врз децата и за изработка и усвојување на Национална стратегија за елиминирање на насилството врз децата (2020-2025), со што се овозможи постигнување на позначаен напредок во оваа област. Наодите на студиите поддржани од ООН овозможија унапредување на капацитетите за подобрена идентификација, препраќање, известување и постапување со идентификуваните случаи на насилство врз децата. Испораката на услугите е подобрена преку воспоставување на мулти-секторски тимови и тимска работа. Во исто време беа зајакнати капацитетите за мониторинг на Националното тело за заштита на децата од злоупотреба и запоставување.

## (3.4) Поголем број лица со попреченост се во можност да ги остваруваат своите права и да уживаат подобар животен стандард во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

Од усвојувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП) и соодветниот Факултативен протокол во 2011 год., ОН ја поддржува Владата да иницира пакет мерки насочени кон исполнување на правата на лицата со попреченост.

За да се помогне во промена на парадигмата за инклузија на децата со попреченост кон пристап базиран на човековите права, беше развиен и пилотиран нов модел на проценка на попреченоста којшто е заснован на Меѓународната

*Преку отворените линии, 132 родители, 35 родители на децат со попреченост и 12 деца и адлесценти добија психосоцијална поддршка од почетокот на пандемијата на КОВИД-19 до сега, додека 700 посетија виртуелни сесии и 110,000 лица ги користеа видеата насочени кон зачувување на менталното здравје .* Фотографија: УНИЦЕФ




класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ). Тоа беше важен чекор за напуштање на претходниот пристап во одлучувањето дали да се дадат парични надоместоци за попреченост на луѓе само врз основа на категоризација на нивната здравствена состојба. До крајот на 2020 год. беа формирани три центри (еден национален и два регионални) за проценка на децата врз основа на МКФ, а функционалното оценување е вклучено во Законот за основно образование. На ограничените услуги за рано откривање и интервенција, кои што се достапни во контекст на широко користениот медицински модел за проценка, се одговори преку развој на капацитетите на здравствените професионалци од првите линии (матични лекари и медицински сестри за домашна посета), надополнето со пилотирање на Изменета листа за проверка за аутизам кај мали деца (M-Chat) и Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ) во 1% од ординациите на матичните лекари, понатамошно проширување на активноста и решавање на проблемот со непотребното упатување на повисоки нивоа на здравствена заштита, притоа заштедувајќи непотребни трошоци и товар за родителите и здравствениот систем. Исто така, МКФ се воведе и во додипломските наставни програми за студенти по медицина и во специјализацијата за педијатрија и социјална медицина за да се сензитивизираат идните медицински професионалци за социјалните аспекти на попреченоста, вон медицинскиот модел.

Обезбедувањето целосен пристап за децата со попреченост во редовните училишта и предучилишните установи достигна пресвртна точка. По долгогодишно застапување и моделирање на инклузивното образование во основните училишта во земјата, во 2019 год. Министерството за образование и наука законски го регулираше затворањето на специјалните основни училишта и започнувањето на процесот на нивна трансформација во ресурсни центри за да се обезбеди дека сите деца се прифатени и поддржани во инклузивна средина во редовното образование. Преку програмата за работа во заедницата, вкупно 703 лица со попреченост од кои скоро 400 деца со попреченост добија различни социјални услуги. Беа ангажирани 323 лични и образовни асистенти за поддршка на децата со попреченост да ги извршуваат своите задачи за учење во основните и средните училишта.

Оваа пресвртница беше успешно реплицирана и во предучилишните установи. ОН го поддржаа моделирањето на концептот и практиките на инклузивно образование во 30 основни училишта. Овој процес доведе до професионален развој на 2200 наставници обучени на самото место и 4500 обучени со курс преку интернет, и воспоставување на нова

**Заедничка програма Работа оддолу нагоре - градење на локален модел за деинституционализација**

Оваа заедничка програма, спроведена помеѓу јуни 2018 и декември 2020 год., се фокусираше на пилот модели за услуги и непречена деинституционализација, со посебен географски опфат на штитениците на заводот Бања Банско во струмичкиот регион. Работата на учесничките агенции на ОН - Фонд за деца на ОН (УНИЦЕФ), УНДП, Un Women и УНФПА - даде значителен придонес во поддршката за спроведување на националната агенда за деинституционализација преку мулти-секторските напори. Со градење на модел на ниво на заедница, тимот на ОН покажа како се градат мостови за вработување на лицата со попреченост; се обезбеди инклузивно образование за децата со попреченост; се зајакнаа моделите на алтернативна, социјална грижа и семејна поддршка базирана во заедницата; и се обезбедија услуги за сексуално и репродуктивно здравје за жените со попреченост. Целосното учество на лицата со попреченост во текот на целиот процес на проектот помогна да се прецизираат тесните грла и да се зајакнат поединците да преземаат активна улога. Во бројки: 11 жени и мажи сега живеат независно во заедницата; 5 лица се вработија; 7 деца преминаа во алтернативни форми на грижа. Преку оваа активност, тимот на ОН докажа дека опциите базирани во заедницата се остварлив и достапен начин за олеснување на независното живеење на лицата со попреченост и дека развиените модели на услуги може пошироко да се реплицираат. Оваа програма беше финансирана од Мулти-донаторскиот труст фонд (МПТФ) на Партнерството на ОН за унапредување на правата на лицата со попреченост (UN-PRPD); за кој главниот придонес го даваат Австралија, Финска, Норвешка, Шведска и Обединетото Кралство.

услуга за поддршка во училиштата - образовна и лична асистенција. Понатаму, преку пилотирање на 25 инклузивни градинки каде беа зајакнати капацитетите за работа со деца со попреченост, ОН воспоставија инклузивни тимови како основни механизми за инклузивни практики на РДР во сите градинки низ целата земја.

Овие напори кулминираа со законска измена со која беа укинати посебните групи за деца со попреченост како пракса во РДР и севкупно зголемено општо прифаќање на децата со попреченост во редовните училишта од 4 проценти во 2014 год. на 24 проценти во 2018 год.

Во 2020 год. беа отворени првите два Центри за работно-ориентирана рехабилитација и поддршка за вработување на лица со попреченост во Струмица и Скопје и беа дизајнирани моделите. Центрите спроведоа функционална проценка на 50 лица, вклучително и 24 кандидати за самовработување, што резултираше со формирање на 20 мали претпријатија од лица со попреченост.

За да се заштити менталното здравје на лицата со попреченост во услови на КОВИД-19, Центарот во Струмица обезбеди психосоцијална поддршка на 67 лица со попреченост, штитеници на заводот Бања Банско и 11 лица кои беа префрлени да живеат во заедницата. За да се поддржи МТСП во идното планирање, беше подготвена „Анализа на исплатливоста од дополнителните трошоци за попреченост“, заедно со други прирачници и алатки.

(3.5) Поголем број припадници на ромската заедница се во можност да ги остваруваат своите права, да уживаат во подобрениот животен стандард и можности и да го надминат социјалното исклучување

Во 2020 год., ООН го поддржаа формирањето на мобилни тимови од социјални работници, со цел идентификување и помагање на децата на улица, што резултираше со идентификувани 362 деца на улица (38% девојчиња), од кои 354 (98%) припаѓаат на ромската заедница, додека останатите 2% се деца со етничко албанско и етничко македонско потекло. Кај 76% од корисниците кои добиваа помош има намалена ранливост и ризик од насилство, експлоатација и злоупотреба поради нивниот пристап до релевантните институции и програмите за заштита и реинтеграција што ги нуди државата.

Со поддршка на ООН, општина Шуто Оризари и МТСП ја заврши прва фаза и ја започнаа втората фаза од изградбата на единствената градинка во оваа општина. Со втората фаза, дополнителни 136 деца (или вкупно 306 деца) ќе имаат пристап до предучилишно образование, вклучително и грижа во јасли за 70 деца на возраст од 9-24 месеци. Оваа нова достапна услуга ќе им овозможи на родителите Роми да бараат вработување. Покрај редовните услуги за предучилишно образование, градинката ќе обезбеди дополнителен простор за 100 деца на улица да добиваат грижа и услуги за нивно вклучување во редовните предучилишни и училишни активности.

Преку услугите за активирање и поддршка од страна на ромските ментори за вработување и програмата ACCEDER (холистички пристап со работа на индивидуално ниво, но исто така и со семејства за надминување на културолошките бариери), над 2.014 Роми добија услуги за вработување. 216 Роми учествуваа во различни активни мерки за вработување. Како резултат, се отворија 107 работни места со полно работно време.

Преку Програмата за работа во заедницата, 613 невработени лица од кои 71 беа Роми, се здобија со корисно работно искуство додека обезбедуваа социјални услуги за 8.990 крајни корисници во 52 општини. Меѓу крајните корисници кои добиваа директни социјални услуги, околу 350 беа од ромската заедница.

(3.6) Институциите имаат подобрени капацитети за развој и спроведување на инклузивни, социјални политики и услуги базирани на докази кои ја намалуваат нееднаквоста и социјалното исклучување и го поддржуваат позитивниот развој на децата

ОН ја поддржаа новата започната реформа на социјалната заштита преку воведување нови услуги за социјална поддршка и грижа за семејствата во ризик низ целата земја. Услугите што ги даваат Центрите за социјална работа беа подобрени преку воведување на водење на предмети што им овозможува на социјалните работници да добијат холистички преглед на потребите на секој од корисниците, поголемо разбирање за сложеноста на ранливоста - вклучително и оние што произлегуваат од семејниот контекст - и да се изгради доверба помеѓу социјалните работници и нивните корисници. ОН ги градеа капацитетите на социјалните работници да ја преземат улогата на водители на предмети. Техничката помош за социјалната работа, водењето предмети и увидот во однесувањето доведе до развој и примена на нови алатки, упатства и модули за обука во социјалната работа. Центрите за социјална работа дополнително беа зајакнати со преквалификација на нивната работна сила и со вработување на нови социјални работници и друг стручен кадар. Во 2020 година, поддршката продолжи со воведување на менторска поддршка за водителите на предмети, како и супервизија на нивната работа.

(3.7) Здравствените политики имаат зголемен опфат на потребите на ранливите и социјално исклучените групи и здравствените услуги даваат подобар одговор на тие потреби

Не е за изненадување што ООН обезбедија проширена техничка и оперативна поддршка и поддршка за политиките на Владата за да се ограничи и ублажи ширењето на КОВИД-19. Покрај моменталната вонредна поддршка, одржувањето на основните услуги во услови на криза со КОВИД-19 беше меѓу главните приоритети за поддршката во 2020 год. Со поддршка на ОН и други развојни партнери, Владата брзо ја прилагоди својата интервенција за справување со моменталниот одговор на КОВИД-19 на ниво на ПЗЗ, преку пилотирање на далечински консултации и низа од други прилагодувања.

Беше спроведена брза проценка на потребите за лична заштитна опрема и обука поврзани со КОВИД-19 во породилиштата, за да се идентификуваат приоритетните потреби на породилиштата. Тоа овозможи правична и транспарентна дистрибуција на набавката на ОН со лична заштитна опрема и материјали за контрола на инфекциите.

Препораките за откривање и справување со КОВИД за време на бременоста беа подготвени и преведени на локални јазици за акушерите/гинеколозите. Врз основа на овие материјали, серија на онлајн обуки за акушерите и гинеколозите беа организирани во текот на 2020 год., со фокус на прашањата за СРЗ во контекст на КОВИД-19. Поддршка за постарите лица за време на пандемијата КОВИД-19 беше обезбедена во партнерство со Црвениот крст и ГОи. Активностите за сексуално и репродуктивно здравје и родово базирано насилство беа прилагодени за да одговорат на националните приоритети и Планот за подготвеност и одговор на КОВИД-19 во земјата.

Сепак, поддршката за зајакнување на универзалното здравствено покритие и подобрувањето на квалитетот на здравствените услуги беше подеднакво важна.

Активностите спроведени во 2020 год. резултираа во примена на модел на примарна здравствена заштита (ПЗЗ), кој е фокусиран на здравствените потреби на семејствата и заедниците, воведен, меѓу другото, преку промена на парадигмата за улогата и одговорностите на медицинските

*Член на мобилните тимови на Црвениот крст, поддржан од УНФПА, носи намирници и лекови за постари лица во нивните домови, за време на епидемијата со Ковид-19 - ноември 2020 год., Скопје, Северна Македонија.* Фотографија: УНФПА



сестри од примарната здравствена заштита. До крајот на 2020 год., преку Програмата за професионален развој на медицинските сестри за примарна здравствена заштита се зајакнаа капацитетите на повеќе од 300 медицински сестри.

Се зголеми институционалниот капацитет и се подобри пристапот на национално ниво за подобри здравствени резултати во бременоста и здравјето на бебињата. Со поддршка на ОН беше развиен нов Национален повеќегодишен мастер план за перинатална заштита, вклучувајќи и детален план за имплементација. Оваа работа овозможи приближување на агендата на меѓународните партнери и консолидирана поддршка од сите национални чинители. Оваа активност се смета за особено клучна и важна и затоа беше интегрирана во Националната здравствена стратегија и во претстојните технички планови за поддршката од ЕУ во согласност со пристапувањето на земјата во финансиската поддршка на ЕПА III за Северна Македонија. Поддршката на услугите за перинатална заштита беше спроведена преку 2 пилот активности, и се очекува истите да се прошират во 2021 год. Беше постигнат напредок во воведувањето на системот за надзор и одговор во акушерството (ООПС) насочен кон подобрување на здравјето на мајките. Преку заедничка работа на неколку агенции на ОН со цел елиминирање на смртните случаи кај новороденчињата, се воведе првата перинатална ревизија на смртност во Северна Македонија, која ќе стане основна алатка за добивање информации при креирањето политики, планирањето и следењето на безбедноста и заштитата на мајките и бебињата за следните генерации. Двата клучни документи коишто беа подготвени - Клиничко упатство за тромбопрофилакса и Клиничко упатство за хипертензија за време на бременоста, помогнаа на Министерството и на соодветните здравствени установи да ги идентификуваат причините за смртност кај мајките и да креираат соодветни политики засновани на докази. Напорите за унапредување на капацитетите на здравствените работници во планирањето на семејството беа реализирани со воведување на онлајн обука за контрацепција, која ја водеше Катедрата за семејна медицина.

Првата досега развиена Национална стратегија за е-здравство ќе биде моќна алатка во рацете на креаторите на здравствени политики за ефикасно обезбедување на здравствени услуги засновани на нови технологии со висок степен на системска интеграција и зголемена мобилност на лекарите и пациентите. Интеграција на теле- здравство во Националниот систем за електронска евиденција во здравството - Мој Термин им овозможи на лекарите да резервираат термин на своите пациенти преку интернет за далечинска-нега и тоа придонесе да се обезбедуваат поефикасни здравствени услуги преку овозможен континуитет на здравствената заштита во сегашната ситуација поврзана со КОВИД – 19 и пациентите да ја добијат потребната нега од дома, колку што дозволува нивната состојба, без физички да бидат присутни на клиниките.

*Состанок за здравствена координација со министерот за здравство и раководителите на агенциите на ОН.* Фотографија: СЗО



Создавањето на националната електронска база на податоци за имунизација којашто е поврзана со националните е-здравствени досиеја и системот за известување овозможи целосен надзор над состојбата со вакцинацијата на целата територија на земјата, а со тоа и подобро да се координираат идните потреби за  вакцинација од поголем размер за КОВИД-19.

Опремата за дијагностицирање и заштита на пациентите од онколошки и не-онколошки заболувања што беше донирана на Универзитетскиот институт за позитронско-емисиона томографија (ПЕТ центар), Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина на Медицинскиот факултет при Универзитет Св. „Кирил и Методиј" ќе го скрати времето за дијагностицирање на незаразни болести, особено рак и кардиоваскуларни болести и ќе помогне да се спасат повеќе животи. Заштитата од зрачење на пациентите и здравствените работници беше обезбедена преку воспоставување на национален систем за следење на дозата за медицински слики со поврзување на системите за скенирање на над 20 болници и клиники.

Завршено е истражувањето за мапирање на капацитетите за лекување коешто заедно со Меѓународните стандарди за лекување на нарушувања од употреба на дрога, Индикаторот за подобрувачка на лекување (ТДИ) и Алатката за гаранција на квалитетот на лекувањето на УНОДЦ, се дел од основниот предлог пакет за лекување, планирање и следење на пациенти кои злоупотребуваат супстанции. Вкупниот број на лекувани лица во 2019 год., со сите расположливи услуги изнесува 8055, меѓутоа, бројот на лица лекувани само со примена на опиоиден агонист изнесува 2058. И двете бројки кога се разгледуваат наспроти основата укажуваат на позитивен тренд.

Беше подготвен зголемен корпус на докази за сѐ поголемото присуство на гојазност кај децата. Четири меѓусебно поврзани студии овозможија да се премости критичниот јаз во податоците и ќе го отворат патот за понатамошно застапување и мулти-секторски одговор. Студијата за недостаток на микронутритиенти кај деца на училишна возраст доведе до подготовка и усвојување на нов Правилник за дефинирање на училишните оброци. Со економетриската студија се направи пресметка за вкупните трошоци од болести поврзани со гојазноста (и директни и индиректни), односно, приближно 5% од БДП на Северна Македонија (482 милиони евра или 241 евра по лице /годишно), што покажува дека поголем дел од овие трошоци може лесно да се избегне со спречување на гојазноста од најрана возраст, преку едукација на јавноста за опасностите од лошата исхрана и придобивките од физичките вежби. [визуелизира] Со бихејвиоралната студија се идентификуваа и категоризираа девет бариери коишто ја инхибираат способноста, можностите и мотивацијата на децата да јадат здрава храна, и беа дефинирани интервенции што треба да се тестираат и проценат.

За да се зајакнат доказите за услугите за домашна посета, во ноември 2019 год. заврши Регионалната евалуација со студија на случај за искуствата во земјата, од каде што произлегоа научени лекции и препораки за понатамошно подобрување, и се дадоа насоки за воспоставување на одржлив модел на достапни и соодветни услуги во заедницата и услуги за информирање. Во текот на 2020 год. се спроведуваа активностите за ревидирање на стандардните оперативни процедури за медицински сестри за домашна посета и за дигитализација на формуларите за извештаи.

### (3.8) Намалена стигматизација и дискриминација на социјално исклучените и ранливите лица преку убедливо застапување и придржување до стандардите за човекови права

Четириесет претставници на Владата, канцеларијата на Народниот правобранител, ОЛП и граѓански организации го зголемија разбирањето за барањата според КПЛП и новиот закон за антидискриминација, усогласен со меѓународниот стандард, кој, меѓу другото, вклучува попреченост како посебен основ за дискриминација и независен механизам за приговори. Фокусот беше насочен на суштинската наспроти формалната еднаквост како предуслов да се вклучат попреченоста и зајакнувањето и целосното остварување на правата на лицата со попреченост, и давањето приоритет на принципот никој да не заостане и на најмаргинализираните групи.

### (3.9) Бегалците кои имаат потреба од меѓународна заштита имаат пристап до системот за азил во земјата, со нив се постапува во согласност со режимот за меѓународна заштита, а потребите на најранливите се задоволени

Во 2020 год., ОН продолжија да обезбедуваат поддршка за мигрантите, барателите на азил и бегалците во транзит. 5.574 лица во двата привремени транзитни центри во Винојуг и Табановце како и во Прифатниот центар за баратели на азил имаа придобивки од поединечното правно советување и/или застапување за да се надмине јазот од недостаток на обезбедена бесплатна правна помош од државата. Покрај тоа, ОН и партнерите обезбедија спасувачка хуманитарна и медицинска помош на 15.690 баратели на азил и луѓе кои се движеа по граничните линии.

Со поддршка на ОН, Црвениот крст на Град Скопје со стручна поддршка на Центарот за социјална работа, обезбеди услуги за социјална заштита и поддршка за интеграција, обезбедувајќи пристап до образование за 6 деца, курсеви по македонски јазик за 5 лица со супсидијарна заштита и 21 баратели на азил, како и 16 активности за рекреација и активности за социјализација за 21 лице. Услуги за толкување беа достапни за барателите на азил во прифатниот центар, како и за лицата за кои постои загриженост во ОН, а кои живеат индивидуално во сместување обезбедено преку Црвениот крст.

За подобро идентификување на основните потреби на бегалците и лицата без државјанство, ОН со своите партнери спроведоа брза проценка на потребите во месец април. Врз основа на проценката, ОН му помогнаа на прифатниот центар за баратели на азил да ги зголеми хигиенските стандарди во контекст на здравствените препораки за КОВИД-19. Овие мерки го ублажија негативниот ефект на пандемијата кај лицата за кои постои загриженост, што резултираше и во многу мал број на заразени баратели на азил и бегалци без смртен исход, и сите 3 баратели на азил со позитивен тест

*Бесплатна правна помош за мигранти, бегалци и баратели на азил директно во транзитните центри.* Фотографија: УНХЦР




добија лекување на исто рамниште со државјаните на земјата. ОН отворија интернет-страницата „Помош" и телефонска линија за помош 24/7 и истите ги рекламираа во заедниците, и работеа на подигнување на свеста за превенција од С19 на местата долж рутата за нерегуларно движења и на местата за прием. ОН обезбедија компјутери и друга техничка опрема, за да се обезбеди подобар пристап до информации и поврзаност за време на ограничувањата поради КОВИД-19 и за да се зголемат капацитетите на центарот за олеснување на пристапот до онлајн образование за деца кои бараат азил.

ОН помогнаа да се воспостави простор за безбедно советување/интервјуирање во прифатните центри Визбегово и Винојуг со цел да се подобри двонасочната комуникација со барателите на азил, како и да се обезбеди доверлива и ефективна комуникација помеѓу барателите на азил и партнерите за правна помош.

За да се подобрат стандардите за прифат на барателите на азил и да се зголемат капацитетите за самостојност, ОН дадоа поддршка на МТСП за подготовка на два важни документи на 5 јазици: куќен ред и информативна брошура за пристап до правата, коишто беа дистрибуирани на барателите на азил сместени во прифатниот центар во Визбегово, а беше обезбедена и техничка опрема. Со поддршка на ОН, МТСП и Филолошкиот факултет воведоа платформа за учење на македонски јазик преку интернет. Тоа ќе овозможи пристап до квалитетни часови за јазик за барателите на азил веднаш по пристигнувањето без оглед на нивната локација.

ОН го поддржаа подобрувањето на човечките капацитети на властите задолжени за прашањата поврзани со азил, бегалци и миграции. 77 учесници имаа придобивки од симулацијата за сослушување на баратели на азил, организирана во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, а 16 гранични службеници добија обука за ограничување на слободата на движење.

РЕЗУЛТАТ 4:

# Животна средина и намалување на ризиците од катастрофи

*До 2020, поединците, приватниот сектор и државните институции ги засноваат своите активности врз принципите на одржлив развој, а заедниците се поотпорни на катастрофи и еколошки ризици.*

**Придонес за:**

Инвестиции во одржлив развој: Земјоделски развој и енергија
Здрава животна средина
Заштита од природни непогоди

11: Земјоделство и рурален развој
15: Енергетика
27: Животна средина

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој исход:*
ФАО, ИОМ, УНДП, УНЕЦЕ, УНЕП, УНФПА, УНИДО, СЗО

*Владата и другите развојни партнери:*
Кабинет на вицепремиерот за економски прашања, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство, локални власти, државни институции, граѓанско општество, приватен сектор, академска заедница.

## Климатска акција

Третиот двегодишен извештај според Рамковната конвенција на ОН за климатски промени и зајакнатите национално утврдени придонеси, подготвени со поддршка на ОН, поставија зголемени цели за ублажување за да се намали емисијата на стакленички гасови, со што се унапреди спроведувањето на Парискиот договор и земјата се усогласи со Зелениот договор на ЕУ. Земјата се обврза на 51% намалување на емисиите на стакленички гасови до 2030 год. во споредба со нивоата од 1990 година (82% намалување на нето емисијата на стакленички гасови до 2030 год. во споредба со нивоата од 1990 год.).

ОН ја продолжија поддршката за исфрлање на хидрохлорофлуоројаглеродите и чистење на избрани контаминирани места со хексахлороциклохексан за идна индустриска употреба.

ОН продолжија да работат на зајакнување на капацитетите на земјата за климатско дејствување и финализирање на Работната програма на земјата за ЗКФ, што вклучува развој на нова методологија за подготовка на Работната програма на земјата за ЗКФ, проценка на потребите за подготвеност и развој на капацитетите за ЗКФ, мапирање на институциите од приватниот сектор со постоечка или потенцијална улога за поддршка на инвестиции за климатските промени, подигање на свеста и знаењето на националните чинители во врска со процесот на акредитација на ЗКФ и олеснување на директниот пристап до ЗКФ преку отворен повик за изразување интерес од потенцијални субјекти.

*241.755 хектари заштитени подрачја со подобрено управување (обезбедено одржливо користење на природните ресурси)* Фотографија: УНЕП/Божиновски



Кризата со КОВИД-19 и политичките случувања во 2020 год. имаа негативно влијание врз климатските активности, бидејќи ограничените ресурси беа пренасочени кон најпогодените економски сектори за одржување на работните места и егзистенцијата. Пакетите за економско спас, исто така, беа со ограничен зелен акцент, и следствено на тоа, заштитата на животната средина не претставуваше непосреден приоритет.

## Заштита на природните ресурси

ОН продолжија да даваат поддршка за аспектите на заштита на биодиверзитетот и управување со земјиштето. Студија за валоризација за Шар Планина беше спроведена, дискутирана и потврдена со засегнатите страни, и тоа го трасираше прогласувањето на Шар Планина за национален парк, коешто се очекува до крајот на 2021 год.; а процесот за ревалоризација на Охридското езеро беше започнат заедно со Меѓународната унија за заштита на природата. Меѓу останатите достигнувања спаѓаат: ажурирање на националната мапа за ерозија, база на податоци за ризикот од ерозија на почвата, стапка на запечатување на почвата и губење на органските материи во почвата на три пилот места (Струмица, Охрид и Прилеп), како и мапи за шумска вегетација во три пилот области (во Малешево и Ограѓден), идентификација и тестирање на предложените квоти за еден избран вид/мечкино грозје на целата територија на земјата со предлог план за зачувување и препораки за одржлива употреба и заштита.

Започнати се активности за идентификување на два пилот коридора од предложената Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) кои се неопходни за понатамошно тестирање на посебните мерки за локацијата, вклучувајќи и локални чинители за управување и обновување на шумите со висока вредност и други живеалишта. Поголем тим на експерти за биодиверзитет и шумарство започнаа да работат на идентификување на шумите со висока вредност преку спроведување на теренски работни активности на избраните пилот-локации (Буковиќ и Беласица) од каде ќе произлезат упатствата за управување до средината на 2021 год.

Заедно со националните партнери, ОН помогнаа да се подигне профилот на земјата во врска со инвестициите за управување со заштитените подрачја и одржливото користење на природните ресурси. Опсежни примери коишто покажуваат кои се социјалните и економските придобивки од заштитата

на природните ресурси, беа добиени преку спроведување на програма за грантови за 25 заштитени подрачја низ целата земја, со површина од 241,755 хектари. Повеќе од 600 претставници на ГОи, единици на локалната самоуправа и органите за управување со заштитените подрачја имаат подобрени капацитети за одржливо управување со природните ресурси. Покрај тоа, 31 жена беше обучена и сертифицирана како водич на планина во заштитените подрачја. Тоа ја зголеми свеста кај жените за заштита на природата и отвори нови можности за жените преку одржлив туризам во заштитените подрачја.

## Одржливо земјоделство

ОН ја поддржаа имплементацијата на првиот круг на проекти за консолидација на земјиштето во рамки на Националната програма за консолидација на земјиштето за да им се помогне на земјопоседниците и на руралните заедници да се справат со прекумерната фрагментација на земјиштето, да се зголеми конкурентноста на земјоделското производство, да се подобрат условите за живот, и да се овозможи одржливо управување со природните ресурси во руралните области. Во 2020 год., консолидацијата на земјиштето напредуваше во сите девет области, и беа опфатени околу 2.500 сопственици на земјиште и 3.000 хектари земјоделско земјиште.

Институционалните капацитети на национално ниво и промовирањето на климатски отпорни практики на локално ниво беа зајакнати, а активностите беа насочени кон градење на капацитетите на Управата за хидрометеоролошки работи, избор на пилот места каде на земјоделските училишта ќе им се покаже воведување климатски паметни земјоделски технологии и изготвување на Стратегијата за наводнување во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Проценката според методологијата за земјоделски штети и загуби исто така беше започната во 2020 год., како и првичните активности за подобрување на семенскиот систем и капацитетите да се обезбедат соодветни и отпорни семиња од аспект на климатските промени.

## Загадување на воздухот

Преземени се првични чекори за да се даде целисходен одговор на загадувањето на воздухот во Скопје преку развој на модели за субвенции за ранливи категории граѓани, создавање веб-платформа за собирање и визуелизација на податоци од следењето на загадувањето на воздухот, координација на чинителите, и пилотирање на модел на мерки за справување со загадувањето поради загревањето на домаќинствата. Со поддршка на ОН, преку Скопје лаб., Градот Скопје и понатаму презема водство во спроведувањето на приоритетните мерки од својата Стратегија за климатски промени, со што се намали еколошкиот отпечаток и се подобрија капацитетите на јавната администрација за дизајн и испорака на подобри услуги за граѓаните. Исто така, инвестициите во енергетска ефикасност за два јавни објекти - средното земјоделско и шумарско училиште „Ѓорче Петров“ во Кавадарци и детската градинка Детелинка во Крива Паланка - помогнаа во намалувањето на емисиите.

## Отпадни води

ОН даваа придонес во координираните заложби за изградба на пречистителна станица за отпадни води (ПСОВ) во Тетово, со чистење на локацијата за проектот во селото Фалише. Тоа ќе ѝ овозможи на општина Тетово да продолжи со изградбата на ПСОВ и ќе помогне за намалување на негативните влијанија од отпадот врз животната средина пошироко во тетовскиот регион. Понатаму, со поддршка на ОН, 240 жители на селото Суводол, општина Македонски Брод добија

*3.000 хектари земјоделско земјиште во напредна фаза од консолидацијата на земјиштето.* Фотографија: ФАО



пристап до канализациски систем откако беа завршени градежните работи; со оваа интервенција исто така се намали загадувањето на подземните води.

## Намалување на ризикот од катастрофи

Имплементацијата на Рамката од Сендаи за намалување на ризикот од катастрофи беше спроведена преку активности во Полошкиот регион, насочени кон разбирање на ризиците од катастрофа, подобрено управување преку Мрежата за отпорен Полог и зголемување на отпорноста за намалување на катастрофи, како и развој на патоказ за финансирање на ризици од поплави и трансфер на ризици. Управувањето со ризикот од поплави во регионот се пренасочи од реактивен одговор кон интегрирани системи за управување со опасностите, ранливоста и изложеноста на заедниците и имотите, со цел да се спречат и ублажат загубите и да се олесни влијанието од идни поплави.

Капацитетите на ХидроМет службата се зајакнати преку поддршката што се обезбеди за проширување на националната мрежа на хидролошки и метеоролошки станици. 32 станици беа надградени и/или поставени во полошкиот регион, како и и 14 станици во сливот на реката Дрим. Исто така, најновата верзија на CLIDATA база на податоци/софтвер за климата беше обезбедена за ХидроМет заедно со нова ИТ опрема. Со оваа помош ќе се подобри собирањето податоци и аналитичките капацитети на службата ХидроМет, и тоа ќе ја даде основата за воспоставување на системи за рано предупредување во Полог и сливот на реката Дрим. Уникатниот пристап за континуирано ажурирање на Планот за управување со ризици од поплави (ПУРП) за горниот тек на Вардар/Полошки регион со податоци и информации од новите истражувања и студии, како и моделирањето направено како дел од подготовката на техничката документација, овозможија ПУРП и понатаму да биде релевантен плански документ.

Тоа е од особена важност бидејќи ПУРП претставува главен документ што треба да даде информации при поставувањето приоритети за интервенции за ублажување на ризикот од поплави и распределба на финансиските средства. Планот треба да се земе предвид и при изработката на плановите за користење на земјиштето и урбанистичките планови, како и другите планови за развој на општините и регионот. Чистењето и отстранувањето на 35 т талог од одливот на реката Дрим од Охридското езеро и од урбаниот дел на коритото на реката Дрим во должина од 765 метри го намали ризикот од поплавување во градот Струга (приближно 16.500 жители) и истото беше поздравено од граѓаните со оглед дека коритото на реките не беше исчистено во последните 40 години.

*СЗО донира монитори за пациенти, пулсни оксиметри и дигитални инфрацрвени термометри како директна поддршка на Клиниката за неврологија во Скопје.* Фотографија: СЗО



Покрај директната поддршка на ОН за одговор на кризата со КОВИД-19 (види главен извештај, одговор на КОВИД-19 ), спроведувањето на мерки за рана подготвеност и поддршката за развој на капацитети беа клучни за зајакнување на капацитетот на здравствениот систем за справување со кризата. ОН дадоа поддршка за зголемување на првичниот капацитет на тестирање во земјата од 150 на 3.500 тестови на ден. Посебните протоколи на СЗО за заштита на домовите за стари лица беа спроведени еден месец пред да се открие првиот случај на КОВИД-19 во земјата, заштитувајќи ги овие установи од епидемијата.

Воспоставувањето на Центар за епидемиско разузнавање и оперативен центар за вонредни состојби, со поддршка од ОН, го зголеми капацитетот на земјата за управување и следење на вонредните состојби, ги зајакна комуникацијата и координацијата, и го подобри капацитетот за следење контактите.

Како дел од вонредниот одговор на пандемијата со КОВИД-19, ОН обезбедија набавка на 65 уреди за механичка вентилација, 29 монитори за интензивна нега, 10 стационарни кислородни концентратори, пакети со над 100.000 тестови, над 35.000 парчиња специјализирана медицинска опрема како што

## 3,500 ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ОБУЧЕНИ

се катетри, пумпи за системи за инфузија и шприцеви. ОН донираа или овозможија набавка и испорака на над 2 милиони парчиња на лична заштитна опрема, вклучително и маски, ракавици, скафандери, наочари, навлаки за чевли и заштитни наметки на здравствените установи во земјата, како и над 5.000 литри средства за дезинфекција и средства за чистење за да помогнат во заштитата на медицинскиот персонал и пациентите.

Преку забрзана адаптација и распоред на програми за обука за здравствените работници за специфични проблеми поврзани со КОВИД-19 беа опфатени над 3.500 здравствени работници, што витално го зајакна капацитетот на здравствената работна сила во целата земја. Искористеноста на овие акредитирани курсеви редовно се следеше во партнерство со управата за е-здравје (https://obuki.zdravstvo.gov.mk/login).

ОН го поддржаа развојот на интегрирана национална база на податоци за позитивни случаи на КОВИД-19, преку добивање податоци од националните лаборатории кои вршат тестирања; и воспоставување на дигитален список на достапен здравствен кадар во поддршка на планирањето на капацитетите при наплив на случаи.

Анкетите што се спроведуваа во текот на 2000 год. за да се добие увид во однесувањето помогнаа на лицата задолжени за носење одлуки и комуникација да разберат каква е прифатеноста на јавно-здравствените мерки, знаењето и довербата кај населението, и да добијат увид во перцепцијата на населението за ризиците.

Работата на подготвеноста за вонредни состојби продолжи со годишната ревизија на националниот пакет за минимални почетни услуги (МИСП) од Акцискиот план за сексуално и репродуктивно здравје, која што се спроведе на партиципативен начин, за да се вклучи и контекстот со КОВИД-19; а беа спроведени и дополнителни обуки за МИСП.

РЕЗУЛТАТ 5:

# Родова еднаквост

***До 2020, националните и локалните институции имаат подобрена способност да подготват и испорачаат висококвалитетни услуги за сите корисници, на транспарентен, исплатлив, недискриминирачки и родово-сензитивен начин.***

**Придонес за:**

Родова еднаквост и еднакви можности на жените и мажите
Спречување и борба против насилството врз жените
Родово одговорно креирање политики и буџетирање врз основа на расчленети податоци

23: Судство и основни права
19: Социјална политика и вработување
19.7: Антидискриминација и еднакви можности

*Агенции на ОН кои придонесуваат за постигнување на овој резултат:*
ФАО, ИОМ, ОХЦХР, УНДП, УНФПА, УНИЦЕФ, UN Women

*Владата и другите развојни партнери:*
Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, единици на локалната самоуправа, Народен правобранител, граѓанско општество, приватен сектор, академски институции и други.

### (5.1) Законите за родово-базирано насилство и антидискриминација се усогласени со меѓународните стандарди

ОН дадоа придонес за усогласување на националното законодавство за човекови права и родова еднаквост со меѓународните и европските стандарди. Во Законот за спречување и заштита од дискриминација се наведени сите забранети основи според меѓународното право, а по прв пат и сексуалната ориентација и родовиот идентитет, како и сериозни облици на дискриминација. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените (закон за РБН), подготвен на крајот на 2020 год. и усвоен набргу потоа, обезбеди имплементација на Истанбулската конвенцијата на Советот на Европа, како и на релевантните стандарди на ООН за човекови права и директивите на ЕУ. ОН обезбедија важни совети при подготовката на новиот Закон за родова еднаквост и соодветната национална стратегија и акциски план, измените на Кривичниот закон за да се вклучат нови кривични дела против жени и Законот за надоместок за жртвите на сите насилни кривични дела, вклучително и РБН и СН.

ОН го поддржаа Министерството за одбрана и придонесоа во подготовката на вториот Национален акциски план (НАП) за Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН од Агендата за жени, мир и безбедност. Владата усвои стратешка рамка за НАП, како и оперативни планови за институциите што ќе го спроведуваат НАП.

### (5.2) Јавните институции и ГОи имаат зголемени капацитети за спречување на дискриминацијата и родово базираното насилство и заштита на преживеаните

Капацитетите на јавните институции и ГОи беа дополнително зголемени за примена на концептите за еднаквост и ефикасно справување со дискриминацијата. Во 2020 год., канцеларијата на Народниот правобранител прими 60 претставки за дискриминација и издаде 24 мислења; граѓанските организации пријавија 130 случаи на РБН кои завршија со судски епилог. Вкупно 350 јавни службеници и 40 професионалци, вклучително и од општинската администрација, социјалните служби и претставници на граѓанските организации кои обезбедуваат услуги за поддршка и правна помош на жртвите, го зголемија своето знаење за родовата еднаквост и РБН. Два дополнителни центри за сексуална злоупотреба беа ставени во употреба со оглед на нивната клучна важност за моментална помош и упатување на жртвите.

### (5.3) Релевантните ресорни министерства/јавни институции и Народниот правобранител ги зголемија капацитетите за справување со повеќекратната дискриминација на најмаргинализираните групи на жени и за давање одговор на нивните потреби

Мултидисциплинарниот одговор и меѓуресорската координација во справувањето со дискриминацијата, родовата нееднаквост и РБН се подобрени преку заложби за градење капацитети, кампањи за подигнување на свеста, информативни материјали и иновативни алатки кои се насочени кон групите кои се соочуваат со повеќекратна дискриминација и се во ризик да заостанат зад другите. ОН помогнаа во изработката на специјални протоколи за безбедно работење на прифатилиштата за жртвите на РБН, како и два дополнителни протоколи за безбедно работење на центрите за упатување при сексуална злоупотреба во контекст на КОВИД-19, овозможувајќи поефикасни услуги за поддршка и помош.

*Дводневна обука за родова еднаквост и борба против родовите стереотипи во одбраната, организирана од Министерството за одбрана, со техничка поддршка на UN Women. Обуката е дел од активностите за одбележување на 20-годишнината од Резолуцијата 1325 на ОН и 25-годишнината од Пекиншката декларација и Платформата за дејствување.* Фотографија: UN Women/Министерство за одбрана



*Медиумите имаат моќна улога во борбата против родово- базираното насилство. НВО ХОПС – Опции за здрав живот- Скопје со партнерските организации Коалиција Маргини и Националната мрежа за ставање крај на насилството врз жените и семејното насилство развија три модули за подобрување на знаењето за родово базираното насилство за различни типови медиумски професионалци: Иницијативата е дел од регионалната програма на ЕУ-UN Women „Спроведување на норми, менување на умот", финансирана од Европската унија.* Фотографија: UN Women/ХОПС



### (5.4) Граѓанските организации поефикасно се застапуваат и ги претставуваат жените и девојките во справувањето со родовата нееднаквост во јавната и приватната сфера

Застапувањето на ОН со граѓанското општество го потенцираше гласот на жените и девојките како чинители во надминувањето на родовата нееднаквост, негативните стереотипи и насилството врз жените. Националните и локалните власти ги здружија силите со жените и организациите од базата да се заложат и да преземаат активности за родова еднаквост и женски права. 263 жени учествуваа во формулирањето на 144 препораки за локални политики. Учеството на жените во креирањето политики и одлуки, заедно со родово одговорното буџетирање и давањето приоритет на родово посебните потреби за време на пандемија се зајакнати преку иницијативи за градење капацитети, информирање и вмрежување. Интернет-платформата за студентите да ја споделуваат својата работа на РБН и СН и мобилната апликација „Биди безбедна" развиена на 3 јазици (албански, македонски и ромски) за свесност и пријавување на РБН, нашироко се користат.

Поддршката на ОН го засили застапувањето и создаде посилни сојузи меѓу жените и теренските организации и националните и локалните власти за вклучување на родовите перспективи и справување со родовата нееднаквост, негативните стереотипи и насилството врз жените, вклучително и:

- Кампања за застапување за зајакнување на жените предводена од две женски организации, 14 локални теренски организации и две здруженија на локални власти;
- 263 жени учествуваа во формулирањето на 144 препораки за политики за родово сензитивни општински програми и буџети; 36 претставници на граѓански организации се оспособени да ги надгледуваат општинските политики и буџети од родова перспектива;
- 15 ГОи кои обезбедуваат услуги на жртвите на родово насилство беа активни соработници и обезбедија содржина за мобилната апликација „Биди безбедна";
- 18 стручни лица од средните училишта беа обучени за превенција од насилство врз жени; и
- 1,897 лица директно имаа корист од спроведувањето на проектите на ГОи во 5 општини од кои 535 мажи, 396 жени и 966 деца, чиј фокус беше ангажирањето на млади луѓе и луѓе од ранливи групи, што резултираше во ангажман на 989 социјално исклучени лица, вклучувајќи деца Роми, лица со попреченост и социјализација на младите за време на пандемијата КОВИД- 19.

### (5,5) Јавните службеници имаат подобрен капацитет за анализа на родово расчленети податоци и вклучување на родовата перспектива при формулирање и спроведување на политики и буџети на централно и локално ниво

Бројот на родово базирани политики и буџети е зголемен и ги надминува целите поставени за 2020 год. - 14 министерства (15/10) и 21 општина (15/81). Новата Национална стратегија за родова еднаквост (2021-2026) со силен фокус на интерсекционалноста и целисходното учество на жените во процесите на планирање и буџетирање, Стратегијата за земјоделство и рурален развој (2021-2027) и Стратегијата за регионален развој (2020-2029) беа подготвени. Нацрт-законот за буџет, за прв пат, вклучува принципи за родова одговорност. Подобрените локални капацитети се должат на придобивките од 51 програма и акциски планови за еднакви можности помеѓу жените и мажите со соодветна родово одговорна буџетска распределба, локалната онлајн платформа и Индексот за општински развој како ресурс за родово расчленети податоци.